Мимоза Серафимова
Мирјана Стојческа - Ѓорѓиоска

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЕДУКАЦИЈАТА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧИ ВРЗ БИЗНИСОТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА



**Мимоза Серафимова**

**Мирјана Стојческа - Ѓорѓиоска**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЕДУКАЦИЈАТА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧИ ВРЗ БИЗНИСОТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

**Мимоза Серафимова**

**Мирјана Стојческа - Ѓорѓиоска**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЕДУКАЦИЈАТА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧИ ВРЗ БИЗНИСОТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

**Рецензенти:**

Билјана Петревска

Александра Жежова

**Лектор:**

Слаѓан Спасовски

**Издавач:**

„2-ри Август" Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

334.722:37

СЕРАФИМОВА, Мимоза
Влијанието на едукацијата за претприемачи врз бизнисот и претприемништвото во Македонија / Мимоза Серафимова, Мирјана Стојческа - Ѓорѓиоска. - Штип : 2-ри Август, 2020. - 112 стр. : илустр. ; 21 см

Библиографија: стр. 103-111

ISBN 978-608-4879-24-4
1. Стојческа - Ѓорѓиоска, Мирјана [автор]
а) Претприемништво - Образование - Македонија
COBISS.MK-ID 112143114

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................................................5
ВОВЕД ...............................................................................7
1. ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО КАКО БИЗНИС ПРОЦЕС..........................9
1.1 Дефинирање на претприемништвото ...............................9
1.2 Оценување на претприемништвото како бизнис процес 19
2. ГЛОБАЛНИ ПРЕТПРИЕМАЧКИ ПЕРЦЕПЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ОКРУЖУВАЊЕТО................................................21
3. МОЖНОСТИ И СПОСОБНОСТИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ БИЗНИС ВО МАКЕДОНИЈА .....................................................................23
3.1 Намери за започнување бизнис ....................................25
3.2 Претприемачка активност во Македонија и земјите во регионот ..........................................................................26
4. ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ПРЕТПТИЕМНИШТВО КАКО ПОДДРШКА ПРИ ЗАПОЧНУВАЊЕ БИЗНИС .......................................................30
4.1 Влијание на образованието врз претприемништвото....30
4.1.1 Претприемачко образование и обука.......................32
4.1.1.1 Македонски контекст............................................36
4.1.1.1 Претприемачки наставник....................................40
4.1.1.2 Формално образование и знаењето за претприемништво ...........................................................42
4.1.1.3 Претприемачко образование и обука во Република Македонија ....................................................................45
4.1.1.3 Претприемништво според ниво на образование ..49
4.1.1.4 Претприемништво – клучна компетенција на ученикот во современото образование ...........................51
4.1.1.5 Претприемништво и образование – европски искуства и препораки .........................................................52
4.1.1.6 Претприемништвото и образованието во Република Македонија ....................................................................53
4.1.1.7 Претприемачкото образование во Република Македонија ....................................................................54

4.1.1.8. Развивање на претприемачки способности кај учениците од средните училишта ........ 55
4.1.1.9 Пристапи за поттикнување на претприемништво. 58
4.1.1.10 Претприемачко образование ........ 58
4.1.1.11. Пристапи за предавање претприемништво ........ 62
4.1.2 Стратешкиот аспект на ВОИ како претприемачка функција за започнување бизнис ........ 65
4.1.2.1 Политиката за вработување и иницирањето нови бизниси ........ 66
4.1.2.2 Согледување потреба за реални промени ........ 67
4.1.2.3 Идентификување чекори за подобрување ........ 72
4.1.3 Неформално образование и обука ........ 73
4.1.3.1 Значењето на искуственото знаење и стекнатите компетенции ........ 75
4.1.3.2 Можности за нивна апликативност во Македонија ........ 80
4.1.3.3 Приоритетни стратешки области за развој на претприемачко учење ........ 82
5. Мерење на способностите и знаењата за започнување бизнис во Македонија ........ 87
6. ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ПРЕДУСЛОВ ЗА ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ 90
6.1 Важноста на претприемачкото образование во функција на развој на екосистемот за старт-ап компании ........ 93
6.2 Претприемачкото образование - ефикасен пристап за вработување ........ 98
7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 100
References ........ 103

## ПРЕДГОВОР

Ракописот е резултат на повеќегодишна продлабочена анализа на авторите во областа на постојната состојба и развојот на бизнисот и претприемништвото во Македонија, од една страна, и споредбена анализа на состојбата со повеќе држави од регионот и пошироко, од друга страна. Поединечни делови од книгава, биле тема на дискусија на конференции и биле објавени во индексирани журнали. Основната цел на книгава е да даде реална слика (за состојбата во Македонија) на сите заинтересирани за нејзината бизнис-клима и да ги охрабри претприемачките потфати на постојните деловни субјекти или на оние што сакаат да станат тоа, но и да ја прикаже сериозноста на пристапот на државата кон ова прашање. Република Македонија внесува промени во формалниот едукативен систем, гледајќи ги идните генерации како промотори и двигатели на идниот стопански и економски развој на земјата.

Концизното и експлицитното презентирање на проблематиката од оваа област, на овој материјал му дава голема можност за негово пошироко користење.

Првата глава - **Претприемништвото како бизнис процес,** откако кратко ги споменува дефинициите и мислите на поимот претприемништво, се навраќа на него како на бизнис-процес прикажувајќи го во фазите на развој и нивно валидирање.

Втората глава - **Глобални претприемачки перцепции во Македонија и во земјите од окружувањето**, нуди анализа на истражувачки податоци за состојбата и нивото на претприемачките перцепции во Македонија и во некои земји од регионот.

Третата глава - **Можности и способности за започнување бизнис во Република Македонија,** ги елаборира намерите и активностите за започнување сопствен бизнис во Македонија, согледано со некои земји. Воедно нуди споредбена компарација со податоци кои ги поддржуваат изнесените ставови.

Четвртата глава - **Образованието за претприемништвото како поддршка при започнување бизнис,** од една страна, го разгледува формалното образование и неговиот фокус кон едукативниот пристап на

претприемништвото како процес, но индивидуалните истражувања на авторите го поддржуваат фактот дека е недоволна соработката на окружувањето и неговите претставници во насока на нудење и користење податоци за развој на потребни струки и професии кои би имале олеснет пристап при отворање на бизниси кои би биле компатибилни на потребите на окружувањето. Од друга страна, фокусот е и на неформалното образование и обука кое станува насушна потреба за индивидуален раст на поединецот како дел од на интрапретприемништвото или претприемништвото како комплексни процеси. Елаборирани се статистички податоци кои даваат силна слика за постојната состојба во Македонија и во некои други земји.

Петтата глава - **Мерење на способностите и знаењата за започнување бизнис,** накусо дава приказ за реалната состојба гледана низ призмата на податоците.

Шестата глава – **Претприемништвото – предуслов за општествен развој** - има за цел да разјасни некои основни аспекти на претприемачкото образование, фокусирајќи се на тоа што е, и зошто е релевантно за општеството, да ја објасни врската помеѓу претприемачкото образование и можностите за вработување.

Искрено се надеваме дека оваа книга ќе им биде од помош на сите оние што се интересираат за претприемништвото и влијанието на едукацијата за претприемништво врз економскиот развој на Република Македонија, и нејзиното компарирање со земјите во регионот.

## ВОВЕД

Најчеста форма на финансирање во Република Македонија е самофинансирањето, додека инвестирањето во деловна активност е ретка практика од неколку причини: факторите што ги одредуваат деловните субјекти кои ќе остварат инвестиции во трошоците, не можат да се знаат со сигурност сè додека претприемачите не стекнат финансии и не ги искористат можностите кои не можат да се реализираат без инвестиција на нечиј капитал (Arow, 1974: 1-10, во Petrevska, Serafimova, 2016: 35).

Ако претприемачот нема комерцијална технологија или углед за градење успешни бизниси, тогаш инвеститорот треба да одлучи за инвестирање во предложен бизнис со мала група докази, но со ризично финансирање (Bhide, 2000). Инвеститорите, своите одлуки за финансирање ги носат според своја сопствена перцепција за привлечност и профитабилност на деловните субјекти (By, 1989, во Petrevska, Serafimova, 2016: 35).

Инвеститорите имаат потреба од дополнителен гарант, или нешто вредно што може да се продаде доколку бизнисот не успее (Blanchflower, D. & Oswald, A. 1998). Притоа, значајна е потребата од тесна специјализација на инвестициите, секоја концентрирана како сет од мали инвестиции при раниот развој на компаниите и на други поголеми и последователни инвестиции (Barry, 1994, во Petrevska, Serafimova, 2016: 36).

# ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО КАКО БИЗНИС ПРОЦЕС

## 1.1 Дефинирање на претприемништвото

Дефинирање на концептот на претприемништвото е тешка задача, бидејќи помеѓу многубројните теоретичари и практичари сè уште не постои општо прифатен став, дефиниција, или приод во објаснување на претприемништвото. Според Robert Price, „постојат многу малку зборови во лексиконот на бизнис-поими кои се многу лошо и различно дефинирани, како што е тоа случајот со зборот претприемништво. Концептот на претприемништвото во модерното општество е одомаќен веќе со илјадници години, при што во некои случаи зборот е премногу употребуван, а многу пати и погрешно употребуван" (Price, 2011, во Поленаковиќ, 2017: 17).

Во литературата се среќаваат стотици различни дефиниции и појаснувања. Поимот претприемништво најпрво се јавува во делата на Cantillon уште во 1730, каде што тој го воведува концептот на претприемништвото анализирајќи ја работата на продавачите, фармерите и занаетчиите од тоа време (Herbert, 1989, во Поленаковиќ, 2017: 17), потоа кај Say во 1803 (Nijkamp, во Поленаковиќ, 2017: 17), а првата посериозна анализа за претприемништвото е направена од страна на австриско-американскиот економист Schumpeter во 1934 година (Schumpeter, во Поленаковиќ, 2017: 17). Но, дури во последните три-четири децении претприемништвото почнува да се смета за движечка сила на економскиот развој, структурните промени и создавањето на нови работни места, а со тоа и за клучна алатка во борба против глобалната сиромаштија. Во бизнисот, голем број на претприемачи не успеваат во обидот да основаат и развијат своја компанија. За да се разбере зошто е тоа така, многу е важно да се сфати динамиката на претприемништвото и улогата на претприемачот во целиот овој процес.

Во дефинирањето на претприемништвото, некои автори како основа за објаснување ја земаат карактеристиката на претприемачката фирма (мала, брзорастечка, флексибилна, добро поврзана со пазарот и сл.), други, профилот на претприемачот (храброст, одлучност, преземање пресметан ризик и сл.), трети се фокусираат на текот и резултатите од работата на претприемачите (процес, излез/резултати од работата и сл.). Schumpeter верувал дека иновативноста и

креативноста е тоа по коешто претприемачот се разликува од останатите бизнисмени (сопственици на бизнис), односно претприемачите се тие кои ја придвижиле индустриската револуција во 19-тиот век.

Така на пример, фокусот на карактеристиките на претприемачот може да се најде во истражувањата на:

- Miner – се обидувал да дефинира различни типови на претприемачи (Miner, 1998, во Поленаковиќ, 2017: 18);
- Filion – ги претставил разликите помеѓу претприемачкиот и менаџментскиот процес (Filion, 2000, во Поленаковиќ, 2017: 18);
- Thompson – поставил нова рамка за препознавање на претприемачите (Thompson, 2004, во Поленаковиќ, 2017: 18);
- Petrakis - го анализирал односот на претприемачот кон преземањето ризик (Petraki, 2005, во Поленаковиќ, 2017: 18)

Без оглед на тоа кој пристап се користи во дефинирањето на претприемништвото, сепак постои консензус дека претприемачот игра клучна улога во самото претприемништво. Да се има претприемачко делување, или да се биде претприемач подразбира поседување од одредена група на вештини, квалитети, однесувања и вредности. Но и во дефинирањето на тоа кои се овие заеднички вредности, повторно постојат многу различни стојалишта. Така, ако за Schumpeter претприемачот е лице кое е иноватор и го презема ризикот, а за Wilken претприемачот е агресивен и има желба за остварување на своите идеи и за самодокажување (Wilken, 1979, во Поленаковиќ, 2017: 18), тогаш за Stevenson и Jarillo претприемачот има капацитет да ги идентификува и зграби можностите и да ги користи своите вештини (убедливост, преговарачки вештини, стратегиско размислување и др.) за да ги оствари своите цели (Поленаковиќ, 2017: 19).

Други автори ги разгледуваат ситуациските фактори и личната историја на претприемачот (семејството, искуства од детството, локалната заедница, соработниците и др.). Carl Voigt објаснува: „Често, претприемништвото е дефинирано премногу тесно - како некој што сака да започне свој сопствен бизнис.“ Но, претприемништвото може да значи и пронаоѓање на нови бизнис

можности или развој на постојни компании (Влада на Република Македонија, 2016).

Според Европската комисија претприемништвото се дефинира како: „*Способност на поединецот за претворање на идеите во дела. Тоа вклучува креативност, иновација и преземање ризици, како и способност за планирање и менаџирање проекти за постигнување на целта. Ова ги поддржува поединците, не само во нивните секојдневни животи во домот и општеството, туку и на работното место, да станат посвесни за контекстот на нивната работа и да бидат способни да ги зграпчат можностите, а исто така е и основа за поспецифични вештини и знаења кои им се потребни на оние кои воспоставуваат или придонесуваат кон социјалните или работните активности*“ (E. Commision, 2007).

За претприемништвото се вели дека е процес што резултира со креативност, иновации и развој. Иновативните претприемачи ги има во сите форми и од сите видови, при што позитивните добивки не се однесуваат само на нови старт-ап фирми, иновативни компании или креирање нови работни места, туку уште повеќе, претприемништвото (според ЕК) е клучна компетенција, особено за младите, која им помага да бидат покреативни и со поголема самодоверба во сите аспекти од животот.

Во еден од најновите документи (2016 година) развиени од страна на Заедничкиот истражувачки центар на Европската Унија, дефинирани се нивоата на претприемачки компетенции кои треба да ги поседуваат сите граѓани во Европа - Entrepreneurship Competence Framework (EntreComp). Во овој документ претприемништвото се дефинира како „трансверзална компетенција која се однесува на сите сфери на животот, почнувајќи од личниот развој, преку активното учество во општеството, влегувањето на пазарот на трудот како вработен или самовработен, или како некој што започнува некаков вид на бизнис (од областа на културата, социјалното претприемништво или комерцијалниот бизнис)“ (Bacigalupo, 2016, во Поленаковиќ, 2017: 19).

Постојат голем број поими кои често се користат како паралела, или синоним за терминот претприемништво, како што се претпријатие, иновација, мал бизнис, развој на компании итн. За целосно да се опфати и разбере феноменот на

претприемништвото потребно е да се разгледува целиот екосистем, односно клучните термини да се претставаат во опсегот индивидуа – општество (табела 1):

Табела 1. Претприемачка терминологија

| | | |
|---|---|---|
| Претприемач | ➡ | *Индивидуа* |
| Претприемништво | ➡ | *Процес* |
| Претприемачки | ➡ | *Однесување, вештини и начин на мислење* |
| Претприемачки екосистем | ➡ | *Улога на општеството* |

Извор: Поленаковиќ (2017:20).

Еден од најголемите мислители од областа на менаџментот и претприемништвото во дваесеттиот век - Piter Drucker истакнува: „Она што ни треба е претприемачко општество во кое иновациите и претприемништвото се нормални, постојани и континуирани“ (Drucker, 2001).

Претприемништвото не е магија, ниту е нешто мистериозно, ниту пак има нешто со гените. Тоа е дисциплина. И како секоја дисциплина, тоа може да се научи.“ (Drucker, 1987).

Како резултат на различните приоди, многуте дефиниции и различните аспекти на дефинирање (економски, психолошки, социолошки, менаџерски, итн.) очигледно е дека претприемништвото е поврзано со широка група на вештини и однесувања кои варираат од креативност, иновативност, преземање ризик, лидерство и чувство за иницијатива, па се до вештини за создавање мрежа од контакти и голема посветеност во работата. Анализата на разните пристапи во дефинирањето на претприемништвото покажува дека:

- Нема единствен начин на дефинирање на концептот „претприемништво“, ниту пак на „претприемачкото однесување“, но и дека вештините, знаењата и однесувањата кои се поврзани со претприемништвото можат да бидат стимулирани и зајакнувани преку *процесот на учење*, како и преку други процеси.

Доколку се направи сумирање на различните пристапи на теориите на концептот „претприемништво“ можно е да се идентификува опфат на знаења, вештини и постапки кои најчесто се поврзуваат со претприемачкото однесување, односно со претприемачите (табела 2).

Ефикасниот систем на претприемачко образование треба да овозможи младите луѓе да се стекнат со горенаведените знаења, вештини и однесувања (Поленаковиќ, 2017:20).

Табела 2. Знаења, вештини и однесувања кои најчесто се поврзани со претприемништвото

| Знаење и вештини | Однесувања |
|---|---|
| • Способност за организирање нов бизнис,<br>• Способност да се носат одлуки и да се развива стратегија<br>• Способност да се најдат ресурси<br>• Широко разбирање за функционирањето на економијата и за препознавање на можностите за бизнис<br>• Способност за препознавање и избор на вистинските човечки ресурси<br>• Свесност за корпоративната одговорност и за етичката димензија на работењето<br>• Способност за работа и како индивидуа, но и во тим<br>• Способност за процена на нечии јаки и слаби страни<br>• Способност за преземање пресметан ризик<br>• Вештини за „умрежување“<br>• Проактивни вештини за проектен менаџмент<br>• Менаџмент знаење<br>• Ефективни презентациски и преговарачки вештини | • Креативност/иновативност<br>• Чувство за иницијативност<br>• Проактивност<br>• Независност<br>• Преземање ризик<br>• Убедителност<br>• Желба за независност<br>• Мотивација и посветеност кон остварување на целите<br>• Потреба за остварување<br>• Желба за успех<br>• Спремност за „судир“ со неизвесноста<br>• Самодоверба<br>• Отвореност за можностите<br>• Страст<br>• Визионерство |

Извор: Поленаковиќ (2017:21).

Токму затоа, прифаќањето на дефиницијата на концептот на претприемништвото е специфична и тешка задача која е под влијание на условите за развој на бизнисот на секоја земја одделно. Концептот на претприемништвото во модерното општество е одомаќен веќе со илјадници години, при што во некои случаи зборот е премногу употребуван, а многу пати и погрешно употребуван“ (Price, 2011, во Stojceska, Gjorgioska, Serfaimova, Stojceska, 2017: 47).

Во литературата се среќаваат стотици различни дефиниции и појаснувања. Иако поимот претприемништво најпрво се јавува во делата на Cantillon, уште во 1730, во кои тој

го воведува концептот на претприемништвото анализирајќи ја работата на продавачите, фармерите и занаетчиите од тоа време (Herbert), потоа кај Say во 1803, а првата посериозна анализа за претприемништвото е направена од страна на австриско-американскиот економист Schumpeter во 1934 година (Schumpeter), сепак дури во последните три-четири децении претприемништвото почнува да се смета за движечка сила на економскиот развој, структурните промени и создавањето на нови работни места, а со тоа и за клучна алатка во борба против глобалната сиромаштија. Во бизнисот, голем број на претприемачи не успеваат во обидот да основаат и развијат своја компанија. За да се разбере зошто е тоа така, многу е важно да се сфати динамиката на претприемништвото и улогата на претприемачот во целиот овој процес. (Поленаковиќ, 2016, во Stojceska, Gjorgioska, Serfaimova, Stojceska, 2017: 48).

Претприемништвото (според ЕК) е клучна компетенција, особено за младите, која им помага да бидат покреативни и со поголема самодоверба во сите аспекти од животот.

Во еден од најновите документи (2016 година) развиени од страна на Заедничкиот истражувачки центар на Европската Унија, дефинирани се нивоата на претприемачки компетенции кои треба да ги поседуваат сите граѓани во Европа - Entrepreneurship Competence Framework (EntreComp).

Во овој документ претприемништвото се дефинира како „трансверзална компетенција која се однесува на сите сфери на животот почнувајќи од личниот развој, преку активното учество во општеството, влегувањето на пазарот на труд како вработен или самовработен, или како некој што започнува некаков вид на бизнис (од областа на културата, социјалното претприемништво или комерцијалниот бизнис)“ (Bacigalupo, 2016, во Stojceska, Gjorgioska, Serfaimova, Stojceska, 2017: 45).

Претприемништво е „секој обид за создавање нов бизнис или потфат, како самовработување, нова бизнис организација или проширување на постоечкиот бизнис, од страна на поединец, тим или од веќе воспоставен бизнис“ (GEM, 2013).

Претприемништвото е поврзано со пресвртните времиња, условите на неизвесност, криза и промени во окружувањето. Суштината на претприемачкото однесување е препознавање на можностите и остварување на идеите. Задачите со кои се занимаваат претприемачите може да ги

реализира поединец или група лица. Остварувањето на задачите бара креативност, мотивација и волја за преземање ризик (Dračić, 2012. во Serafimova, 2014: 11).

При ова дефинирање, пристапот се базира на разбирањето на претприемништвото како процес, кој во себе содржи неколку фази:

- перцепции за претприемништвото,
- активности на претприемачите,
- аспирации на претприемачите.

Притоа, претприемништвото не се гледа како изолирана активност или процес, туку како дел од окружувањето, во која одредени фактори имаат поопшто или поспецифично влијание врз претприемништвото. Од друга страна, тоа вклучува создавање или реорганизирање на комерцијална примена на нешто ново. Притоа, реорганизацијата секогаш не значи отворање нова компанија - таа може да се случи и во постоечката, или надвор од неа. Многу успешни компании поттикнуваат иновација и преземаат активни чекори за создавање средина во која би имале експресивен развој (Sarason et al. 2006: 286–305, во Serafimova, 2014: 12).

Фокусот на земјите со напредна економија, кон што цели и Република Македонија, е насочен кон следните цели:

- овозможување споредба на нивото и карактеристиките на претприемништвото во различни економии;

- одредување на влијанието на претприемачката активност врз економскиот раст;

- идентификување на факторите кои ја поттикнуваат или ја попречуваат претприемачката активност;

- давање насока за формулација на поефективни и целисходни политики за поттикнување на претприемништво (GEM, 2013, во Серафимова, Стојческа-Ѓорѓиоска 2017: 9).

## 1.2. КОНЦЕПЦИСКИ МОДЕЛ НА ГЕМ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Претприемништвото станува широко употребуван термин во светот. Голем број клучни чинители во општеството, политичари, научници и самите претприемачи сметаат дека претприемништвото претставува процес кој е поврзан со економскиот развој и благосостојбата. Но исто така постојат и различни аспекти на претприемништвото кои вклучуваат иницијативи придружени со помалку амбициозни активности кои водат кон ограничен раст или мал развој. Всушност повеќето претприемачки активности (дефинирани според ГЕМ) влегуваат во оваа категорија. Важно е да се напомене дека одредени видови претприемачки чекори имаат значајно влијание врз социо-економските процеси. Во светот, голем дел од популацијата се одлучува за преземање претприемачки потфати поради тоа што алтернативните можности за вработување се ограничени или непостоечки. Овој вид на претприемништво е типичен за земјите во развој. Сепак степенот на продуктивност може значајно да се разликува, без разлика на тоа дали личноста е вработена или „самовработена“. Согледувајќи го овој факт, ГЕМ се фокусира повеќе на претприемачкото однесување. Во поново време сè повеќе се користи и терминот „социјално претприемништво“ каде што општествените цели се ставаат пред личните цели на лицата коишто ги преземаат овие претприемачки потфати. Затоа и денес политичарите се фокусираат кон поддршка на оваа форма на претприемништво. Постои и друг поширок или сеопфатен поглед на претприемништвото базиран на Австриската економска литература која идентификува повеќе видови претприемништво базирани на опкружувањето.

ГЕМ, во изминатите 15 години го прифати овој поширок поглед на претприемништвото. Согласност на тоа, ГЕМ претприемништво го дефинира како обид за создавање нов бизнис или потфат, како самовработување, нова бизнис-организација или проширување на постоечкиот бизнис од страна на поединец, тим или од страна на веќе воспоставен бизнис.

ГЕМ смета дека претприемништвото е процес (слика 1), кој опфаќа различни фази од намерата за започнување бизнис, до самото започнување бизнис, водење новоосновано или воспоставено претпријатие, до прекин на работењето. Со оглед дека контекстот и условите што влијаат на претприемништвото во одделни земји се различни и сложени, не треба да се очекува

дека една фаза неминовно води кон следната. Така, една земја може да има голем број потенцијални претприемачи, но тоа не значи дека ќе има и висока стапка на претприемачка активност.

Повеќефазниот процес е корисен за оценување на состојбата на претприемништвото во одредена фаза. Процесот започнува со потенцијалните претприемачи, поединци кои манифестираат претприемачки ставови. Тоа се поединци кои сè уште не се претприемачи, но веруваат дека поседуваат способност за започнување бизнис, гледаат претприемачки можности и не би биле обесхрабрени поради страв од неуспех. Нивните намери за започнување бизнис се потпомогнати од перцепциите за претприемачите, нивниот статус во општеството и колку медиумите позитивно ги претставуваат претприемачите.

Следната фаза е претприемништвото во рана фаза. Тука се прави разлика помеѓу активностите во првите 3 месеци и активностите во периодот од завршување на првите 3 месеци до 3,5 години од функционирањето на бизнисот. Првите три месеци се дефинирани како фаза на претприемачи во зачеток. Со оглед на предизвиците со кои се соочуваат, голем дел новонастанати бизниси доживуваат неуспех уште во првите неколку месеци и не продолжуваат во следната фаза. Со завршување на третиот месец, завршува зачетокот и започнува фазата на сопственици на нови бизниси, која трае сè до 3,5 години од формирањето на бизнисот. Претприемачите во зачеток и сопствениците на нови бизниси се параметри кои ја чинат вкупната претприемачка активност во рана фаза – TEA (Total Early-Stage Entreprenurial Activity – TEA), кој е централниот показател во ГЕМ.

Слика 1. Претприемачки процес и оперативни дефиниции во ГЕМ




Извор: Претприемништво во Македонија (2013:14).

Бизнисите што постојат повеќе од 3,5 години се нарекуваат воспоставени (етаблирани) бизниси. Конечно, претприемачите можат да престанат со бизнис-активностите поради разни причини, а дел од поранешните претприемачи можат повторно да одлучат да преземат нови претприемачки потфати. Со повеќе анкетни прашања во рамките на истражувањето на ГЕМ се одредува стапката на прекин на бизнис-активностите и причините за прекин. Клучно е да се идентификуваат и претприемачите во зачеток и сопствениците на веќе воспоставени бизниси, бидејќи истите претставуваат значаен извор на поддршка за другите претприемачи (пр. менторство, финансирање, совет или други видови поддршка).

Во ГЕМ, претприемништвото како процес се мери со анкетата на возрасна популација (GEM 2013: 15-16).

Искористувањето нови пазари овозможени од технолошки, законски, политички демографски или општествени услови (Shane & Venkataraman, 2000: 217–226) влијае на претприемништвото како бизнис област, и се обидува да разбере од каде произлегуваат, или како конкретни личности откриваат и создаваат можности за нешто ново и различно, кое потоа го развиваат на различни начини, за да создадат многу различни ефекти. Ако прашањето се разгледа во областа на менаџментот, постојат и различни аспекти на претприемништвото кои вклучуваат иницијативи придружени со помалку амбициозни активности кои водат кон ограничен раст или кон мал развој. Важно е да се напомене дека одредени видови на претприемачки чекори имаат значајно влијание врз социо-економските процеси. Во светот, голем дел од популацијата се одлучува за преземање претприемачки активности поради тоа што алтернативните можности за вработување се ограничени или не постојат. Овој вид на претприемништво е типичен за земјите во развој, во кои спаѓа и Република Македонија.

Сепак, степенот на продуктивност меѓу одделни земји може значајно да се разликува, без разлика на тоа дали личноста е вработена или „самовработена“. Согледувајќи го овој факт, овој труд се фокусира повеќе на претприемачкото однесување и начините како тоа да се развие и надградува.

Постои и друг поширок или сеопфатен поглед на претприемништвото базиран на Австриската економска литература која идентификува повеќе видови претприемништво

базирани на окружувањето, прифатен од повеќе земји. Таа претприемништвото го дефинира како обид за создавање нов бизнис или потфат, како самовработување, нова бизнис-организација или проширување постоечки бизнис, од страна на поединец, тим или од страна на веќе воспоставен бизнис. Претприемништвото е процес, а не настан или активност, кој минува низ неколку поврзани развојни фази (Rauch et al. 2004, во Serafimova, 2014: 12).

GEM (2013) смета дека претприемништвото е процес што опфаќа различни фази од намерата за започнување бизнис, до самото започнување бизнис, водење новооснована или воспоставена компанија, до прекин на работењето. Со оглед дека контекстот и условите што влијаат на претприемништвото во одделни земји се различни и сложени, не треба да се очекува дека една фаза неминовно води кон следната. Така, една земја може да има голем број потенцијални претприемачи, но тоа не значи дека ќе има и висока стапка на претприемачка активност.

## 1.2 Оценување на претприемништвото како бизнис процес

Во овој дел, ќе се насочиме кон неколку најзначајни вештини кои придонесуваат за развојот на висок општествен капитал кај новите деловни потфати и на тој начин ќе им дадеме одржлива конкурентна предност, пристапувајќи им по фази (Erikson, 2002: 275-290, во Serafimova & Bardarova, 2015).

McMullen и Shepherd (2006: 132-152) сметат дека поединците првично реагираат на увидените пазарни можности за започнување бизнис, па потоа следуваат размислувањата и анализата за започнување бизнис. Стравот од неуспех и последиците од него, можеат да ги спречат потенцијалните претприемачи од искористување на перципираните пазарни можности. Од друга страна се и можностите за изнаоѓање добро работно место. Постоењето на квалитетни услови за вработување и доброто работно место се алтернативи на претприемништвото и негативно влијаат кон впуштањето во претприемачката активност.

Повеќефазниот процес е корисен за оценување на состојбата на претприемништвото во одредена фаза.

**Прва фаза - фазата на потенцијалните претприемачи**: Процесот започнува со потенцијалните претприемачи, поединци кои манифестираат претприемачки ставови. Тоа се поединци

кои сè уште не се претприемачи, но кои веруваат дека поседуваат способност за започнување бизнис, кои гледаат претприемачки можности и кои не би биле обесхрабрени поради страв од неуспех. Нивните намери за започнување бизнис се потпомогнати од перцепциите за претприемачите, нивниот статус во општеството и колку медиумите позитивно ги претставуваат претприемачите.

**Втора фаза – претприемништвото во рана фаза**. Тука се прави разлика помеѓу активностите во првите 3 месеци и активностите во периодот од завршување на првите 3 месеци до 3,5 години од функционирањето на бизнисот. Првите три месеци се дефинирани како фаза на претприемачи во зачеток. Со оглед на предизвиците со кои се соочуваат, голем дел од новонастанатите бизниси доживуваат неуспех уште во првите неколку месеци и не продолжуваат во следната фаза.

Трета фаза - **фазата на сопственици на нови бизниси**. Со завршување на третиот месец, завршува зачетокот и започнува фазата на сопственици на нови бизниси, која трае се до 3,5 година од формирањето на бизнисот. Претприемачите во зачеток и сопствениците на нови бизниси се параметри кои ја чинат вкупната претприемачка активност во рана фаза.

Четврта фаза – **фаза на воспоставени бизниси**. Бизнисите што постојат повеќе од 3,5 години се нарекуваат воспоставени (етаблирани) бизниси. Конечно, претприемачите можат да престанат со бизнис-активности поради разни причини, а дел од поранешните претприемачи можат повторно да одлучат да преземат нови претприемачки потфати (GEM, 2013).

Истражувањето на влијанието помеѓу претприемништвото и економскиот развој е поле на интерес во многу економии. За таа цел развиен е модел кој ги истакнува клучните елементи на врската помеѓу претприемништвото и економскиот развој, како и начинот на кој овие елементи си влијаат меѓусебно. Би нагласиле дека бизнис-планот се смета за еден од најважните фактори за успех, бидејќи опфаќа стратешко планирање од кое зависи позитивниот раст на претпријатието или финансирањето на бизнисот, а за што е неопходен бизнис-план. Ако нема добар финансиски план по кој може да се води претпријатието, тоа може да пропадне и да поднесе барање за стечај (Richbell, 2006).

Проблем за малите и средните бизниси се јавува и во делот на работната сила. Иако, податоците говорат дека малите

и средните бизниси се главен начин за намалување на невработеноста, сепак квалитетот на работните места што ги создаваат тие е доведен во прашање (Richbell, 2006, во Серафимова, Стојческа-Ѓорѓиоска, 2017:22).

## 2 ГЛОБАЛНИ ПРЕТПРИЕМАЧКИ ПЕРЦЕПЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ОКРУЖУВАЊЕТО

Македонија веќе четврта година е дел од истражувањето (Global Entrepreneushipl Monitor, 2013). Податоците од 2008, од 2010, од 2012 и од 2013 г. даваат релевантни информации со цел лесно да се утврдат:

- трендовите на развој на претприемачките перцепции,
- да се следат промените во определени периоди,
- да се споредат со другите земји учеснички на GEM.

Во продолжение ќе бидат претставени соодветните податоци во период од 2010 до 2015 г. за Македонија и податоците за Македонија споредбено со земјите во окружувањето, вклучувајќи ги: Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и просекот на земјите од ЕУ за 2015 година. Претприемачките перцепции во Македонија (2008, 2010, 2012 и 2013 г.) и во земјите од окружувањето може да се погледнат во табелата 3.

Доколку се направи споредба на претприемачките перцепции помеѓу групите на земји класифицирани според степенот на економски развој, може да се забележи дека со зголемувањето на степенот на развој, претприемачките перцепции се намалуваат. Земјите чиј економски развој е базиран на иновативност, споредбено со земјите чиј развој е базиран на природните ресурси и зголемената ефикасност, имаат најниско ниво на перципирани можности за започнување бизнис и перципирани способности, а имаат највисока стапка на страв од неуспех за започнување бизнис (графикон 1).

Графикон 1. Претприемачки перцепции според степен на економскиот развој




Извор: GEM (2013:21)

Табела 3. Претприемачки перцепции во Македонија и во земјите од окружувањето

| Земја | Гледа добри можности за започнување бизнис во следните 6 мес. | Смета дека има потребни способности (знаења и вештини) | Страв од неуспех би го спречил да започне бизнис* | Планира да започне бизнис во наредни 3 години ** | Претприемништвото како добар избор за кариера | Претприемачите уживаат висок статус | Внимание на медиумите за претприемништво |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МК 2008 | 47,0 | 52,0 | 35,0 | 39,0 | 80,0 | 71,9 | 66,0 |
| МК 2010 | 34,2 | 59,7 | 30,9 | 26,6 | 71,2 | 66,2 | 56,0 |
| МК 2012 | 30,7 | 55,1 | 39,4 | 27,7 | 69,5 | 66,7 | 64,0 |
| МК 2013 | 37,2 | 49,7 | 35,6 | 29,1 | 69,5 | 67,9 | 66,8 |
| БиХ | 23,2 | 50,5 | 26,0 | 21,7 | 82,2 | 71,9 | 39,2 |
| Хрватска | 17,5 | 47,1 | 35,1 | 19,6 | 61,4 | 43,0 | 42,8 |
| Словенија | 16,0 | 51,4 | 29,6 | 12,3 | 57,3 | 68,1 | 50,5 |
| ЕУ | 28,7 | 42,3 | 39,8 | 13,5 | 56,9 | 65,5 | 49,0 |

Извор: GEM (2013:22).

# 3 МОЖНОСТИ И СПОСОБНОСТИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ БИЗНИС ВО МАКЕДОНИЈА

Перцепциите за претприемништвото зависат од повеќе фактори од посредното и непосредното окружување. Истите треба да се гледаат во контекст на факторите што влијаат во дадената национална економија. Утврдувањето на причините и донесувањето одлуки за започнување бизнис е сложен процес. Дел се одлучуваат за започнување сопствен бизнис по увидување поволни можности на пазарот, други сметаат дека не располагаат со соодветните способности и вештини за започнување на истиот, а дел од нив поради страв од неуспех не би започнале бизнис.

Претприемачките перцепции за можности за започнување бизнис бележат пораст во 2013 година, за разлика од постојаниот пад од 2008 до 2012 година (од 47% во 2008 г., на 30,79% во 2012 година), но сѐ уште се за 10 процентни помалку од 2008 година. Од друга страна, перципираните способности и вештини за започнување бизнис за прв пат во периодот на истражување во 2013 година се на најниско ниво - 49,7%. Ова може да укажува на зголемена свест за потреба од постојано подобрување на знаењата и вештините за водење бизнис.

Во Македонија, споредбено со земјите од регионот и просекот на земјите од Европската Унија, во 2013 година, најголем број од испитаниците гледаат добри можности за започнување на бизнис во следните 6 месеци. Овие индикатори и нивното влијание врз преземањето на претприемачките чекори е тесно поврзано со мотивираноста и одлуката за започнување бизнис кои ќе бидат разгледани како дел од претприемачките активности во продолжение на ова истражување. Наведените податоци се презентирани во графикон 2.

Графикон 2. Претприемачки перцепции и способности во земјите од регионот




Извор: GEM, (2013:23).

Графикон 3. Претприемачки перцепции и способности во Македонија




Извор: GEM (2013:23).

Стравот од неуспех е еден од најзначајните фактори што влијаат врз одлуката за започнување претприемачка активност. Согледувањето добри можности на пазарот за започнување бизнис, како и располагањето со потребните знаења и вештини не се секогаш доволни за донесувањето на одлуката за преземање ризик и започнување бизнис. Стравот од неуспех во различни земји може да биде поттикнат од повеќе различни фактори, како што е законската регулатива, постапките за отворање и затворање бизнис, високите даноци и казни, како и други социо-економски фактори. На овие фактори треба да се обрне посебно внимание при креирањето на националните политики за поттикнување на претприемачката активност.

Во Македонија, стравот од неуспех варира во одделни периоди од истражувањето. Во 2013 година, 36% од испитаниците изјавиле дека стравот од неуспех би ги спречил да започнат бизнис и истиот е за 3 процентни поени понизок во однос на 2012 година.

Во рамките на земјите од регионот, најголем страв од неуспех има во Македонија (35,6%), потоа следуваат Хрватска (35,1%), Словенија (29,61%), а најнизок е во Босна и Херцеговина (26%). Сите земји од регионот имаат пониско ниво на страв од неуспех споредбено со просекот на земјите од Европската Унија (39,8%).

### 3.1 Намери за започнување бизнис

Следната фаза во претприемачкиот процес го опфаќа периодот кога потенцијалните претприемачи ја изразуваат намерата да започнат бизнис во блиска иднина. Претприемачките намери се дефинирани како процент од испитаниците кои очекуваат да започнат бизнис во наредните 3 години (оние што се веќе претприемачки активни се исклучени од добиените податоци). Претприемачките намери во голема мера зависат од степенот на економскиот развој на економијата и значително варираат помеѓу различните земји. Генерално, истите се високи во земјите чиј економски развој е базиран на природни ресурси, каде што има помалку алтернативи за вработување и каде што претприемачките чекори се мотивирани од нужност. Во земјите чиј развој е базиран на ефикасност и иновативност, претприемачките намери за започнување бизнис се пониски (GEM, 2013).

Во Македонија во 2013 година 29,1% од испитаниците изјавиле дека планираат да започнат бизнис во наредните 3 години. Овој број постепено расте од 2010 г. Споредбено со просекот од земјите чијшто економски развој е базиран на зголемена ефикасност (24,8%), Македонија има повисоки претприемачки намери. Во однос на земјите од регионот, Македонија има највисоки стапки на претприемачки намери, потоа следуваат Босна и Херцеговина (21,76%), Хрватска (19,6%) и Словенија (12,37%). Во земјите од ЕУ највисоки стапки на претприемачки намери, исто како и претходната година, има во Романија (23,7%), а најниски во Германија (6,8%). Просекот на ниво на Европската Унија во однос на претприемачките намери изнесува 13,5%.

Во светот генерално, претприемништвото е прифатено како добар избор за кариера, но во просек, процентот на позитивни одговори е понизок во земјите чиј економски развој е базиран на иновативност споредбено со другите две групи на земји. Со исклучок на земјите со релативно високи приходи, како што се Јапонија, Швајцарија и Ирска, во Македонија во 2013 година високи 69,5% од испитаниците изјавиле дека претприемништвото е добар избор за кариера, што е на ниво како во претходните 2012 и 2010 година.

Споредбено со земјите од регионот во 2013 година, единствено Босна и Херцеговина има повисоки перцепции по однос на ова прашање (82,27% од испитаниците изјавиле дека претприемништвото е добар избор за кариера). Помалку испитаници во Хрватска (61,47%) и Словенија (57,38%) изјавиле дека претприемништвото е добар избор за кариера. Сите земји од регионот имаат повисоки перцепции во однос на ова прашање споредбено со земјите на ЕУ (56,9%).

## 3.2 Претприемачка активност во Македонија и земјите во регионот

Претприемачката активност е повеќеслоен процес и оттука се мерат поединечните фази на претприемачката активност:

- зачеток,
- нов бизнис,
- веќе воспоставен бизнис,
- престанок на бизнисот.

Претприемачката активност во зачеток ги опфаќа лицата кои одлучиле да преземат конкретен деловен потфат, ангажирале ресурси за почеток и дури започнале со првични деловни операции и исплатиле плати за првите три месеци. Се смета дека раѓањето на бизнисот настанува со исплатата на платите до период од три месеци. Со тоа и завршува фазата на зачеток на деловните активности и потфатот веќе може да се третира како нов бизнис.

Нов бизнис или сопственици/менаџери на нов бизнис се сметаат лицата кои исплатиле плата во периодот по првите три месеци (со што ја завршиле фазата на зачеток), па се до 3,5 години или 42 месеци од започнувањето на бизнисот. Исплатата на бројот на плати како мерка за времетраењето и дефинирањето на претпријатијата во зачеток и новите бизниси е земена со цел овозможување споредба на меѓународно ниво. Временската рамка од 3,5 години до која бизнисите се третираат како нови е земена врз основа на низа теоретски и практични основи (Reynolds et al, 2005: 205 -231, во Серафимова, Стојческа-Ѓорѓиоска, 2018: 48)

Овие две фази (зачеток и нов бизнис) заедно се нарекуваат претприемачка активност во рана фаза, која се мери со таканаречената стапка на вкупна претприемачка активност во рана фаза. Поконкретно дефинирана, стапката претставува процент на лица на возраст 18-64 години кои се во процес на зачнување нов бизнис или веќе водат нов бизнис (не постар од 3,5 години).

Стапката во себе ги содржи:

- Лицата што се мотивирани да влезат во бизнис поради нужност (немаат друга подобра можност за работа и вработување);
- Лицата што се мотивирани поради согледување можност (за подобрување на приходите или за поголема независност), и покрај тоа што најверојатно имаат и други опции (работа кај друг работодавач).

За воспоставени бизниси се сметаат сите бизниси што функционираат подолго од 3,5 години. Тие ги преживеале препреките со кои вообичаено се соочуваат новите бизниси и нивното опстојување на пазарот не го носи товарот, инхерентен за новите бизниси. На крајот, теоретскиот опис на животниот циклус на бизнисите завршува со нивни престанок

(дисконтинуитет). Престанокот може да биде поради различни причини. Највообичаена причина за затворање на бизнисот е поради неуспех, но може да биде и поради причини, како што е едноставно откажување од понатамошно занимавање со бизнис поради пензионирање, вработување кај друг работодавач, продажба на бизнисот на трети лица, итн.

Во Македонија стапката на престанок на бизнис изнесува 3,30% и е слична со просекот на ниво на земјите од Европската Унија и е некаде во средината на распонот, споредбено со вредностите во другите земји од регионот. Најниско ниво на стапката на престанок со занимавање со бизнис има во Словенија 2,59%, споредбено со другите земји од регионот. Во земји како Словенија, чиј развој е базиран на иновативност, претприемачите се мотивирани да започнат сопствени бизниси поради увидените пазарни можности. Овие предуслови влијаат кон поголема одржливост на претпријатијата во рана фаза и преминување кон фазата на веќе воспоставени бизниси.

Податоците за причините од претходните истражувачки периоди за Македонија и за земјите за споредба се дадени во табелата 4. Од податоците може да се забележи дека најчеста причина за престанок со занимавање со бизнис кај сите споредени земји е непрофитабилноста на бизнисот. Како втора најчеста причина се истакнуваат проблемите со финансирањето. Потоа следуваат личните причини и инцидент како најчести фактори за престанок со занимавање со бизнис.

Споредено со земјите од регионот и просекот на земјите од Европската Унија, може да се забележи дека во Словенија, земја чиј развој е базиран на иновативност, има поголема распределба на наведените најчести фактори за престанок на бизнисот. Така, освен проблемот со финансирање на бизнисот и непрофитабилноста, исто така, често се наведуваат и личните причини и другите можности за вработување како фактори. Непрофитабилноста на бизнисот и пристапот до финансии како главни фактори за престанок со занимавање со бизнис во Македонија се повисоки од сите споредбени земји и од просекот на земјите на ниво на Европската Унија. Проблемите со пристапот до финансии можат да бидат различно толкувани. Иако каматните стапки на банките се на ниско ниво, сепак условите за добивање и одобрување кредити кон стопанството се даваат претпазливо, со оглед на зголемувањето на лошите пласмани на банките. Алтернативните извори на финансирање,

покрај кредитирањето преку банки, остануваат ограничени. Во последните години се прават напори за стимулирање на претприемништвото со обезбедување средства за започнување бизнис од страна на државата, преку натпревари за бизнис-планови и нудење поволни услови за кредитирање на бизнис-почетници.

Табела 4: Причини за престанок со занимавање со бизниси

| Земја | Можност да се продаде бизнисот | Бизнисот не е профитабилен | Проблеми со пристап до финансии | Друга можност за вработување или за бизнис | Излезот однапред планиран | Пензионирање | Лични причини | Инцидент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МК2008 | 3,53 | 46,19 | 24,67 | 5,10 | 0,00 | 1,08 | 18,48 | 0,95 |
| МК2010 | 4,00 | 39,30 | 27,50 | 5,10 | 3,50 | 2,50 | 8,70 | 4,60 |
| МК2012 | 4,35 | 36,79 | 26,72 | 2,66 | 3,84 | 1,98 | 13,01 | 3,61 |
| МК2013 | 0,00 | 44,58 | 32,84 | 1,57 | 0,00 | 1,57 | 8,63 | 9,26 |
| БиХ | 1,50 | 34,44 | 24,55 | 2,66 | 1,67 | 4,83 | 19,55 | 1,59 |
| Хрватска | 1,42 | 34,77 | 20,47 | 8,74 | 3,87 | 7,41 | 18,16 | 5,18 |
| Словенија | 3,68 | 31,37 | 16,98 | 10,79 | 5,76 | 12,74 | 14,96 | 3,72 |
| Турција | 4,27 | 30,88 | 16,64 | 7,10 | 2,80 | 5,70 | 27,55 | 4,89 |
| ЕУ | 2,12 | 34,13 | 13,52 | 11,44 | 4,14 | 7,00 | 22,85 | 3,92 |

Извор: GEM (2013:38).

# 4 ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ПРЕТПТИЕМНИШТВО КАКО ПОДДРШКА ПРИ ЗАПОЧНУВАЊЕ БИЗНИС

## 4.1 Влијание на образованието врз претприемништвото

Анализирајќи го нивото на образование на претприемачите во рана фаза, може да се заклучи дека склоноста кон претприемништвото е поголема кај лицата со повисоко ниво на образование. Водењето на активните политики за подигнување на општото ниво на образованието влијае врз зголемување на склоноста кон претприемништвото, посебно кон претприемништвото мотивирано од можности.

Табела 5: Претприемништвото според нивото на образование

| Земја | Некое средно/ ниско | Средно | Вишо | Високо |
|---|---|---|---|---|
| МК 2008 | 7,47 | 14,35 | 21,39 | 18,76 |
| МК 2010 | 0,00 | 6,95 | 4,84 | 12,76 |
| МК 2012 | 2,71 | 6,72 | 10,27 | 8,82 |
| МК 2013 | 1,57 | 7,49 | 8,58 | 6,51 |
| БиХ | 5,46 | 11,31 | 10,49 | 17,29 |
| Хрватска | 3,50 | 9,73 | 13,68 | 11,86 |
| Словенија | 2,67 | 6,11 | 7,79 | 14,15 |
| Турција | 6,52 | 9,93 | 12,19 | 14,11 |
| ЕУ | 4,55 | 7,20 | 10,49 | 10,53 |

Извор: GEM (2013:39).

Претприемачката активност значително зависи од група фактори од окружувањето (Entreprenurial Framework Conditions - EFCs). Овие фактори се клучни за дефинирањето на карактерот на претприемачката активност во една земја. Факторите од окружувањето се клучни за разбирање на процесот на создавање на еден нов бизнис. Овие фактори директно влијаат врз постоењето на претприемачките можности и претприемачките капацитети и преференции кои истовремено влијаат врз динамиката на развојот на бизнисот, како и согласно

на тоа, националниот економски раст. Состојбата на факторите од опкружувањето што влијаат врз претприемништвото во една земја се истражуваат преку анкетата на домашните експерти (National Experts' Survey – NES, во Серафимова, Стојческа-Ѓорѓиоска, 2017: 26)

Областите се фактори што можат да влијаат врз опкружувањето за претприемништвото, нивото на развој и типот на претприемачки активности. Во графиконот 4 е даден преглед на дефинираните области.

Графикон 4: Аспирации за раст во земјите од регионот




Извор: GEM (2013:41).

Од областите: владини политики, владини програми за поддршка, претприемачко образование и обука, трансфер на истражување и развој, комерцијална и правна инфраструктура, отвореност на домашниот пазар, физичка инфраструктура и културни и социјални норми - коишто се сметаат за значајни аспекти на развојот на претприемништвото, во делот што следува ќе биде разгледана областа претприемачкото образование и обука, која сметаме дека има големо влијание за идниот развој на претприемништвото како економска категорија.

### 4.1.1 Претприемачко образование и обука

**Претприемачкото образование** и неговата важност привлекуваат сè поголем интерес во модерните европски општества. Претприемачкото образование се претставува како движечка сила за иновирање на наставата, заживување на културата, развивање на учењето и засилување на достигнувањата.

Претприемачкото образование е клучно за вклучување на бизнис-светот и поблиската општествена заедница во образовниот процес, притоа истовремено воспоставувајќи ги потребните врски помеѓу образовните системи и бизнисите.

Во Република Македонија, има масовна поддршка за претприемачкото учење, која континуирано се зголемува и во политичките и во образовните кругови. Усвојувањето на стратегијата за претприемачко учење во 2014 беше значаен чекор напред за земјата. Стратегијата опфаќа амбициозна група на обврски и патокази кон достигнување на предизвикувачките цели поставени како основа за воспоставување на претприемачко општество.

Следејќи ја Стратегијата која се имплементира од посветените членови на меѓуресорската група претставена во Националното партнерство за претприемачко учење како и од другите релевантни стејкхолдери (заинтересирани страни), сведоци сме дека веќе се преземени бројни активности за развојот на претприемачкото учење и образование во земјата.

Придонес има проектот „Развој на вештини и поддршка на иновациите", во чии рамки една од главните цели беше развој на сеопфатната методологија за реформирање на предметите поврзани со претприемништво и иновации во македонскиот образовен систем и обезбедување на високоструктурирана, прогресивна и континуирано-поврзана наставна програма, со фокус на искуствено учење и практично применување на стекнатото знаење.

Претприемачкото образование, сфатено како наставен предмет, но и како начин на предавање е релативно нов приод. Иако е потврдено дека тоа е област од огромна важност за економијата, сè уште не постојат општоприфатени начини на пренесување на ова знаење. Наместо тоа, најдобрите методи во наставата и учењето континуирано се идентификуваат од страна на самите наставници и професори и се споделуваат во рамките на образовната заедница.

Овие пристапи претставуваат фундаментална промена од традиционалните образовни практики и менаџмент, бидејќи бараат нови начини на управување од страна на наставникот/професорот, пренесување на наставната програма и распределба на ресурсите. Целта е, на наставниците да им обезбеди еден општ преглед на клучните прашања: зошто, што, кој и како, во претприемачкото образование. Наменет е за подобрување на нивната сегашна пракса, да им помага при развивањето на нивните идеи за воспоставување на претприемачки училишни средини, па и наставниците и учениците би ги искусиле повеќестраните успеси. Во прилог на ова, развојот на претприемачкиот начин на размислување кај наставниот кадар и администрацијата е, исто така, од суштинско значење за успехот на целиот процес.

Крајната цел е олеснување на образовното искуство кои ги инспирира учениците да стартуваат, им овозможува да видат каде сè, учењето може да ги однесе, и ги поврзува со можностите кои ја обликуваат иднината на нашата земја (Penaluna et al, 2016: 4, во Stojceska Gjorjioska et al, 2018: 426).

Светскиот економски форум (WEF, 2009) забележал дека: „...колку порано луѓето се изложени на претприемништвото, толку поверојатно е да станат претприемачи". Па така, логично е ако наставниците/професорите се во можност да им овозможат на учениците да се запознаат и дружат со претприемачи, кои ќе им ги пренесат важните локални и меѓународни перспективи на бизнисот, преку овој пристап ќе се овозможи учењето истовремено да биде и релевантно и инспиративно.

Истражувањата покажуваат дека учениците и студентите што посетувале претприемачка едукација се од 3 до 6 пати посклони да започнат бизнис, отколку оние кои немале такво искуство (Европска комисија, 2013). Конкретно, Gener (2012) забележува дека помеѓу 15% и 20% од учениците што учествувале во симулирање на мини-компанија во средно училиште би започнале свој сопствен бизнис, бројка што е 3 до 5 пати поголема од онаа на општата популација.

Претприемачкото образование може да се смета како наставен предмет (креативност, иновација, основање на нов бизнис и негов развој), но исто и како начин на подучување на која било тема или област (акциско учење, наоѓање и решавање на проблеми, проектно базирано учење, вклучување на бизнисот во наставата и сл.).

Да се биде наставник/професор, истовремено е возбудливо, предизвикувачки и исполнувачки во еднаква мера, а факт е дека не постои еден калап кој е ист за сите. Секој наставник и професор има свој индивидуален правец по кој работи, а искуството поврзано во мрежи и споделено со други колеги овозможува уникатна можност за проучување и ширење на знаењето. Во таа насока, целта не е да им овозможи на наставниците и професорите прецизен одговор на клучните прашања: зошто, што, кој и како во претприемачкото образование. Потребно е да се надгради и надополни тековното знаење на наставниците и професорите за да помогне во стимулирањето на нови идеи во училишната средини што би овозможило сестрани успеси и кај наставниот кадар и кај учениците.

Ние живееме во свет во кој владеат големи несигурности, со бројни предизвици и можности на кои нашите млади луѓе ќе треба да одговорат. На пример, како што технологијата напредува молскавично, денешниот точен начин на решавање на определен проблем може да биде застарен за неколку месеци. Во една година како ученик, можете да откриете дека нештата што сте ги научиле во вашата прва недела не се веќе истите. Кариерите и работните позиции константно еволуираат како одговор на динамичните промени во околината, технолошкиот напредок и развој, кои резултираат во глобален натпревар на вештини. Порано прифатеното „работа за цел живот“ е сега реткост и нашите млади луѓе мораат да бидат креативни и флексибилни за да ги задоволат побарувањата и можностите на пазарот на труд. Затоа треба да се запрашаме: „Колку работи би смениле моите ученици во нивниот живот и кои предмети што ги предавам би биле важни за тие да остварат успех во работата и животот?“

Образованието игра критична улога во подготовката на младите луѓе и е од суштинско значење ние кај младите да развиваме ментален склоп кој е отворен и подготвен да ги прифати можностите и предизвиците како што тие се појавуваат. Затоа потребни ни се наставници и професори кои можат да ги „снабдат“ своите ученици со вештини, знаење и однесување (преку претприемачкото образование) да бидат подготвени да се справат и успешно да се развиваат во овој брзопроменлив свет. Klaus Schwab, основачот и извршниот претседател на Светскиот економски форум (2009: 6), ни кажува колку е важна оваа перспектива:

„Претприемништвото е движечка сила која поттикнува генерирање на иновативни работни места и го поттикнува економскиот раст... моќта што ја има образованието, е во развивањето на компетенции и вештини кои создаваат претприемачки менталитет и ги подготвуваат идните лидери за решавање на покомплексни, меѓусебно поврзани и брзопроменливи проблеми.“

Организацијата за образование, науки и култура на Обединетите нации (UNESCO, 2015) експлицитно фокусирајќи се на средното образование, укажува на тоа дека:

Образованието треба да ги опфати и теоретското знаење и практичните вештини за да ги подготви младите да бидат одговорни граѓани на нашето општество, но и да бидат спремни за светот на работата. Форсирањето претприемачки ставови и вештини во средното образование ја зголемува свесноста за кариерните можности, како и за начините на кои младите можат да придонесат за развојот и просперитетот на нивните заедници. Тоа помага да ја намали ранливоста на младите, општествената маргинализација и сиромаштија.“

Европската комисија долго го подржува и го помага развојот на претприемачкото образование. Во рамки на агендата за образование и обука, а во функција на остварување на стратегиската рамка за Европа 2020, како нејзина четврта долгорочна цел, а во функција на подобрување на креативноста, иновативноста и претприемништвото, Европската комисија ги вклучуваа овие области на сите нивоа од образованието и обуката.

Во Европската комисија под претприемачко образование се подразбира систем што ги развива и ги подобрува способноста на поединецот да биде флексибилен (да се справува со брзопроменливите проблеми), да развива капацитет за препознавање можности и вмрежување (да ги решава комплицираните и меѓусебно поврзаните проблеми), односно тоа е систем кој гарантира дека овие вештини се во согласност со потребите на бизнисот и економскиот раст на земјата.

Претприемачкото образование ги зема предвид потребите на заедницата и социјалното претприемништво, па одржливиот бизнис е дефиниран како нешто повеќе од оној бизнис кој се фокусира само на чист профит. Образованието не е само потребно за да го обликува начинот на размислување кај младите, туку и за обезбедување на вештини и знаење што се

клучни за развивање на претприемачка кул тура. Динамичните економии ќе имаат потреба од поголем број на млади луѓе што се способни и инспирирани да станат претприемачи и да започнат свои бизниси. Затоа, реформирањето на образовниот систем за да биде попретприемачки, е клучот со кој општеството ќе ги совлада предизвиците што доаѓаат.

Претприемачкото образование не претставува општи бизнис или економски студии. Целта на овој вид на образование е да промовира креативност, иновации и самовработување (European Commission, 2009).

#### 4.1.1.1 Македонски контекст

Македонија е една од европските земји кои одговорија на препораките на Европската комисија (2013) на предизвикот: „бидејќи претприемачкото образование не е задолжителен дел од наставните програми во ЕУ – и бидејќи само 28% од Европејците велат дека формалното образование ги натерало да се заинтересираат да станат претприемачи – од суштинско значење е да се зголеми улогата на претприемништвото во училишните средини“, преку воведување на претприемништвото како вградена активност во секојдневната образовна агенда.

На национално ниво, реформирањето на претприемачкото образование е поддржано од сите клучни стратегиски политички документи во Македонија, како што се на пример:

„Стратегијата за стручно образование и обука на Република Македонија и Акцискиот план 2013 -2020“ и „Индустриската политика на Република Македонија 2009 – 2020“ и други стратегиски документи и политики. Сепак, најзначаен од овие документи е „Македонската стратегија за претприемачко учење со акциски план 2014 – 2020“. Стратегијата беше усвоена од страна на Владата на Република Македонија во ноември 2014.

Главните приоритетни области на Македонската стратегија за претприемачко учење се лоцирани во пет носечки столбови (основно образование, средно образование, високо образование, неформално образование и млади претприемачи).

Овие пет столба се централниот дел на претприемачкиот екосистем за учење во земјата. Тие се основниот темел кој директно ќе ја обликува имплементацијата на претприемачките активности за учење и претприемачката

стратегиска визија за учење - со цел да се осигури одржлив економски развој и напредок на земјата и визија Македонија да стане земја со високоразвиена претприемачка култура и дух кој ги инспирира сите жители на државата.

Покрај петте главни столба, во стратегијата има и пет зајакнувачи на процесите кои треба да ја поддржат имплементацијата и постојаното подобрување на претприемачкиот процес на учење во земјата.

1. Креирање на силна свест за претприемачкото учење во целата средина.

2. Постојан развој на капацитетите на наставниот кадар.

3. Користење на најсовремени технологии во имплементирање на активностите за

претприемачко учење.

4. Имплементација на системски пристап во развојното имплементирање и споделување на најдобрите искуства.

5. Градење на силна меѓународна соработка во областа на претприемачкото учење.

Сите овие се предуслови за постигнување стратегија за претпиемничко учење – да се обезбеди одржлив економски развој и просперитет на Македонија и Македонија да стане земја со високоразвиена претприемачка култура и дух што ги инспирира сите (Стојческа Ѓорѓиоска et al, 2019: 428)

## Докажување на потребата од имплементирање претприемачко образование во училиштата

Важно е да се напомене дека традиционалното гледиште за претприемачкото образование е најчесто од перспектива на економското образование, при што, мерката за успех на ваквиот вид на образование е бројот на новозапочнати бизниси (start-up businesses). Ова е особено случај во високото образование, каде што најголемиот број на истражувања за претприемачкото образование се поврзани со факултетите од областа на бизнис, економија и сл. Но, од подеднаква важност, ако не и од поголема е мерката за успех која е често анализирана во образовните институции од аспект на тоа што подучувањето се приближува до „учење преку правење“ (learning

by doing) и интеракција со други луѓе, модели и процеси, ангажирање и мотивирање на ученици и студенти, односно нивното учење е „длабинско“ (суштествено), а не спротивното, т.е. „површно“ (меморизирање на факти). Ставовите, знаењето и вештините кои се пренесуваат преку претприемачкото образование ги „опремува“ учениците со доживотни компетенции кои ја зголемуваат нивната способност да одговараат на проблемите и можностите веднаш при нивното појавување.

Од тој аспект, еве неколку факти, бројки и опсервации за претприемништвото и претприемачкото образование од перспективата на креирани бизнис старт-апи за да го стимулира нашето размислување и да се нагласи важната и витална улога на наставникот/професорот која тој/таа треба да ја врши при поддржување на своите ученици во развојот на нивните претприемачки вештини.

Европската комисија (2013а: 1) забележува дека:

„37% од Европејците сакаат да си бидат самите на себеси шефови, но само 10% се претприемачи. Ова води до: „Ако овој потенцијал може да биде искористен, милиони нови бизниси би биле додадени на постоечките 20,8 милиони мали и средни претпријатија во ЕУ.

Преку нагласување на претприемачкото образование, наставниците/професорите можат да ги претворат соништата на своите ученици во утрешни нови бизниси.“

Светскиот економски форум (WEF, 2009) предлага: „Колку порано луѓето се изложени на претприемништвото, толку поверојатно е да станат претприемачи“. Па така, логично е ако наставниците/професорите се во можност да им овозможат на учениците да се запознаат и дружат со претприемачи, кои ќе им ги пренесат важните локални и меѓународни перспективи на бизнисот, преку овој пристап ќе се овозможи учењето да биде истовремено и релевантно и инспиративно.

Истражувањата покажуваат дека учениците и студентите кои посетувале претприемачка едукација се од 3 до 6 пати посклони да започнат бизнис, отколку оние кои немале такво искуство (Европска комисија, 2013).

Конкретно, Gener (2012) забележува дека помеѓу 15% и 20% од учениците што учествувале во симулација на мини-компанија во средно училиште, би започнале свој сопствен

бизнис, бројка што е 3 до 5 пати поголема од онаа на општата популација.

Вредноста и потенцијалното влијание на наставникот/професорот кој го реализира претприемачкото образование е феноменално. Впрочем OECD, во нивните „Семинар за градење на капацитети во 2014 и „Промовирање на претприемачкото образование во училиштата", ги набљудува и ентузијазмот и страста за областа на претприемачко образование, како и значајните предизвици кои се јавуваат во практиката. Поточно:

„Клучните овозможувачи и бариери лежат во процесот на настава и учење. Недостатокот од време, материјали за учење и финансиски ресурси, стравот кај наставниците и родителите од „комерцијализам", крути институционални рамки и предизвиците за оценување на резултатите од учењето се некои од предизвиците/ограничувањата со кои практичарите се соочуваат." (OECD, 2014: 2)

Наставната (професорската) позиција е улога што носи огромна одговорност.

Како компетенција, претприемачкото образование не е секогаш поврзано со некој посебен училиштен предмет, туку се разгледува како начин на учење преку искуствено учење и работа на проекти, кои се одделуваат како главни карактеристики на процесот на претприемачко образование. Ова не е тема директно поврзана само со бизнисот, туку ова е тема која ги подготвува учениците да покажат интерес за кој било специфичен предмет, да ги развијат своите капацитети за лесно да се адаптираат на која било деловна и општествена средина, каде што може да се создаде вредност и каде нивните индивидуални страсти и интереси можат да водат кон нови начини на правење на нешта.

Затоа, сите наставници, независно од тоа кој предмет го предаваат, имаат улога во поддржувањето и развивањето на претприемачкиот капацитет на нивните ученици.

Во минатото, претприемачкото образование, поради поврзаноста со бизнисот, се сметало како одговорност на тие кои го предаваат предметот или пак на оние кои предаваат на бизнис или на економските студии. Но, иако овие наставници имаат клучна улога во процесот, тоа мора да биде инкорпорирано во сите форми на учење и да се смета како општ

сет од компетенции за сите видови на луѓе, вклучувајќи и учење за тоа како се води бизнис. Македонскиот пристап во развојот на претприемачкото образование подразбира дека без размислување за иновациите и креативноста, само би развивале бизнис менаџери, а не и лидери кои би размислувале за нови можности – со кои компаниите би се движеле напред, а со тоа и целото наше општество. Управување во стабилни бизнис средини каде ништо не се менува било практика во минатото, но сега во постојано променливиот и предизвикувачки бизнис свет, наставник што може да развие издржливост и одлучност, заедно со способноста да размислува и да се приспособи, е наставник што е потребен и него учениците со сигурност би го запаметиле.

Овој пристап можеби бара и цел наставнички тим, а не само еден наставник; така на пример, во пониските училишни години тоа може да биде улога на наставниците кои предаваат креативни предмети и би ги вовеле учениците во основите на темите поврзани со иновации и претприемништво, но секако дека е потребно и оние наставници со поголемо искуство на подучување од бизнис-сферата да ги поддржат учениците во погорните години.

#### 4.1.1.1 Претприемачки наставник

Во прирачникот „Претприемачко образование - Прирачник за наставници“, Европската комисија (2013b: 5) ни помага да го разбереме профилот на претприемачкиот наставник.

Еве неколку извадоци кои би ни помогнале да дознаеме кој најдобро ќе се снајде во улогата на претприемачки наставник.

- **Имаат страст за предавање и настава**. Тие се инспиративни, со отворени погледи и самоуверени, флексибилни и одговорни – но исто така, од време на време, тие ги кршат и правилата и стандардите. Слушаат добро, можат да ги прифатат, но и да ги „продадат“ идеите и можат и сакаат да работат со учениците – овие наставници се ориентирани кон акција. Тие се тимски играчи и имаат добра развиена мрежа на контакти. Тие сакаат да го премостат јазот помеѓу образованието и реалниот свет со тоа што вклучуваат надворешни експерти во нивните предавања, бидејќи сакаат да ги пренесат вистинските искуства од практиката.

- **Секогаш водат сметка и за економските аспект** од која било тема. Често бизнис-поврзаните предмети имаат многу важна улога на нивните часови.

- **Следат флексибилен и приспособлив план за учење** и преферираат интердисциплинарно, проектно-базирано учење; користење на материјали од обуки, наместо од учебници.

- **Ставаат акцент врз групните процеси и интеракции**.

Некогаш би можеле да бидат место на судир на мислења, ослободувајќи место за разноликоста – разлика на мислења, одговори и решенија и различни пристапи кон процесот на учење.

Еден претприемачки наставник е повеќе тренер, отколку некој што држи предавања.

Тие го поддржуваат индивидуалниот процес на учење на учениците и развојот на личните компетенции.

Едно друго европско размислување, исто така, може да ни помогне во разбирањето на претприемачкото образование. Овој пристап е базиран на следните неколку централни теми:

• Претприемачкото образование е повеќе од подготовка на учениците како се започнува и води еден бизнис. Тоа е за развивање на претприемачки ставови, вештини и знаење кое, накратко, би им овозможило на учениците да ги претвори своите идеи во реалност.

• Наставниците не можат да подучуваат како е да се биде претприемачки настроен, без тие самите да бидат претприемачки наставници.

• Претприемачките компетенции бараат активни методи за вклучување на учениците во образовниот процес, за тие да ја ослободат својата креативност и иновативност.

• Претприемачките компетенции и вештини можат да се развијат или надградат преку учење и практикување на вистински примери и искуства од животот.

• Претприемачките вештини можат да бидат развивани низ сите предмети, но можат да се предаваат и како посебен предмет.

• Претприемачкото образование треба да се фокусира и на внатрешното претприемништво, со цел учениците да ги користат овие претприемачки особини внатре во компаниите или во јавните институции.

• За да му се даде на претприемачкото образование вистинско забрзување, прво треба да се доразвијат исходите од учењето поврзани со иновациите и претприемништвото, методите поврзани со оценување и процедурите за осигурување на квалитетот за сите нивоа на образованието. Ова треба да се дизајнира на таков начин за да им се помогне и на самите наставници да можат подобро да се стекнат со претприемачко знаење, вештини и ставови.

• Агендата за претприемачко образование, треба да се промовира и надвор од границите на образовните институции, односно во бизнис секторот и во пошироката заедница.

• Наставниците и училиштата нема да можат да ги остварат своите амбиции, без соработка и партнерство со колегите, бизнисите и другите заинтересирани страни (Европска комисија, 2013b: 5, во Penaluna A., Penaluna K., Mc Kallum, 2016).

#### 4.1.1.2 Формално образование и знаењето за претприемништво

Во рамките на областа Претприемачко образование во основно и средното образование, највисоки оценки експертите имаат дадено за изјавата: „наставата во основното и во средното образование посветува соодветно внимание на претприемништвото и создавањето нови претпријатија“ (2,56). Експертите најмалку се согласуваат со изјавата: „наставата во основното и во средното образование поттикнува креативност, самостојност и лична иницијатива“ (2,12) која бележи континуиран пад од 2008 г. до 2013 г. Во однос на претходните години, нема значајни отстапувања од мислењата на експертите по однос на прашањата за претприемачкото образование и обука. Доколку се направи споредба на просечната оценка на оваа област со земјите од регионот, ќе се забележи дека експертите во Македонија во 2013 г. имаат дадено повисоки оценки, освен од Турција каде што просечната оценка изнесува

2,29 %. Генерално, претприемачкото образование во основното и во средното образование има оценка под 3 што значи дека тоа претставува нестимулирачки фактор за претприемништвото во земјата, што е посебен фокус на нашата дискусија.

Табела 6. Претприемачко образование во основното и во средното образование

| | МКД | | | | ХРВ | СЛО | БИХ | ТУР | ЕУ-28 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2010 | 2012 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 |
| Наставата во основното и во средното образование поттикнува креативност, самостојност и лична иницијатива. | 2,20 | 2,19 | 2,17 | 2,12 | 2,02 | 2,31 | 2,11 | 2,17 | 2,31 |
| Наставата во основното и во средното образование обезбедува соодветни инструкции за пазарните економски принципи. | 2,21 | 2,14 | 2,40 | 2,17 | 1,91 | 1,94 | 1,94 | 2,49 | 2,14 |
| Наставата во основното и во средното образование посветува соодветно внимание на претприемништвото и создавањето нови претпријатија. | 2,18 | 2,26 | 2,40 | 2,56 | 1,66 | 1,94 | 1,94 | 2,20 | 1,92 |
| Просечна вредност со пондер | 2,20 | 2,19 | 2,30 | 2,27 | 1,86 | 2,06 | 2,04 | 2,29 | 2,07 |

Извор: GEM (2013: 56).

Претприемачкото образование во „постсредното“ образование е значајна категорија која влијае врз претприемништвото во државата. Во 2013 година, средната оценка по однос на оваа категорија покажува дека експертите сметаат дека претприемачкото образование во „постсредното“ образование, стимулирајќи влијае врз претприемништвото (3,05). Највисока оценка во оваа категорија имаа добиено

изјавата „образовните програми од областа на бизнисот и менаџментот обезбедуваат добра и соодветна подготовка за започнување и развивање нови претпријатија“, што е раст во однос на претходната година. Најниски оценки има добиени изјавата „универзитетите и факултетите обезбедуваат добра и соодветна подготовка за започнување и развивање нови претпријатија“ (2,81). Земајќи го просекот на ниво на категорија, во Македонија во 2013 г. експертите имаат попозитивни ставови за разлика од експертите од сите други земји од регионот кои се земени за споредба. Резултатите може да се погледнат на табелата бр. 7.

Табела 7. Претприемачко образование во „постсредното“ образование

| | МКД | | | | ХРВ | СЛО | БИХ | ТУР | ЕУ-28 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2010 | 2012 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 |
| Универзитетите и факултетите обезбедуваат добра и соодветна подготовка за започнување и развивање нови претпријатија. | 2,65 | 2,97 | 2,84 | 2,81 | 2,27 | 2,67 | 2,39 | 2,72 | 2,60 |
| Образовните програми од областа на бизнис и менаџмент обезбедуваат добра и соодветна подготовка за започнување и развивање нови претпријатија. | 2,92 | 3,21 | 3,05 | 3,19 | 2,86 | 3,00 | 2,69 | 2,94 | 3,01 |
| Системите на професионално, стручно и доживотно образование обезбедуваат добра и соодветна подготовка за започнување и развивање нови претпријатија. | 2,82 | 2,95 | 2,63 | 3,06 | 2,77 | 2,75 | 2,57 | 3,03 | 2,71 |
| Просечна вредност со пондер | 2,76 | 3,04 | 2,86 | 3,05 | 2,63 | 2,81 | 2,56 | 2,93 | 2,75 |

Извор: GEM (2013:57).

Споредено по компоненти, „Претприемачко образование во основното и во средното образование“ е послабо оценето отколку „Претприемачко образование во ‘постсредното’ образование“ во секоја од наведените години. И двете компоненти се подобро оценети во однос на просекот на ЕУ и во однос на повеќето земји во регионот во 2013 г. Во наредните години се очекува раст на овие коефициенти со оглед на фактот дека се воведе и предметот „Иновации и претприемништво“ во прва, втора и трета година во средното образование, а од 2014 г. и предметот „Иновации“ во деветто одделение од основното образование.

#### 4.1.1.3 Претприемачко образование и обука во Република Македонија

Во Република Македонија, во последните години, направен е напредок во однос на претприемачкото образование во трите нивоа на формално образование. Пред сѐ, како последица на неколку повеќегодишни донаторски проекти (УСАИД, ГТЗ, АДА и други донатори) спроведени се многу обуки на наставничкиот кадар кои ги подобрија вештините за предавање на претприемништвото и др. предмети поврзани со економските дисциплини. Истовремено, беа организирани виртуелни и реални компании, кариерни центри, натпревари за најдобар бизнис план, ученички саеми и др.

Иако, најголем дел од активностите се одвиваа во средните стручни училишта, каде што има повеќе од еден предмет поврзан со претприемништво, со воведувањето на предметот Бизнис и претприемништво како задолжителен предмет во четврта година во гимназиите и во уметничките училишта, Бирото за развој на образованието направи вистински чекор во насока на засилување на активностите поврзани со претприемачко образование.

Во Македонија се изработи стратегија за претприемачко учење. Дадени се активностите до кои дојде тимот за подготовка на стратегијата за претприемачко учење:

- Потпишана е Декларација за претприемачко учење од Министрите за образование и наука, и економија (јуни, 2009);
- Воведен е предметот „Бизнис и претприемништво“ како задолжителен предмет во редовната настава во гимназиското образование (2007/2008);

- Воведен е предметот „Претприемништво и иновации“ во I, II и III година од гимназиското образование (БРО од септември, 2012);
- Обновена е програмата за предметот „Бизнис и претприемништво“ кој се слуша во IV година во гимназиското образование (БРО септември 2012, април 2015);
- На годишно ниво се организира натпревар за најдобар бизнис план за гимназиите и уметничките училишта (од 2007 год.), во организација на Бирото за развој на образованието и Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, во 2010 година покровител на натпреварот е Претседателот на Република Македонија, а од учебната 2011-2012 година натпреварот прерасна во Национален натпревар за сите средни училишта во Република Македонија вклучувајќи ги и стручните училишта – покровител Претседателот на Владата на Република Македонија;
- Преку проекти на USAID, САД и Културконтакт- Австрија, во стручните училишта формирани се виртуелни и реални компании и организирани се саеми на овие компании;
- USAID во рамките на проектот ПЕП има компонента за претприемништво во основните и средните училишта;
- USAID има помогнато и во формирањето на поголем број на кариерни центри во средните училишта во државата;
- Сам свој газда, проект на Младински совет и Vision контакт;
- Промоција на претприемништво помеѓу младите луѓе, проект на Центар за регионален развој на југоисточен регион, Општина Струмица и GIZ;
- Државен натпревар за претприемништво (вештини за вработување) проект на Британската канцеларија;
- Проект за меѓугранична соработка, Проект за соработка со училишта од други земји, Leonardo Da Vinci – доживотно учење;
- Проект на ЦИРА за социјално претприемништво;

- Програма на активни мерки за самовработување на МТСП, АВРМ, АППРМ и УНДП (од 2007 год.);
- Изработка на маркетинг план преку Младинската асоцијација на средните стручни училишта во Македонија (МАССУМ) – со поддршка на УСАИД;
- Програмата Junior Achievement е активна во државата петнаесетина години, којашто по сопствена програма нуди обуки за економско образование (обуките се однесуваат и за наставниот кадар и за учениците);
- Програмата Junior Achievement, неколку години station наназад, организира бизнис план натпревари во селектирани училишта во државата;
- Постојат одреден број на невладини организации, фондации, проектни единици кои нудат дополнително претприемачко образование, како Бизнис старт-ап центрите во Скопје и Битола, YES инкубаторот (ПСМ фондација) во Скопје, CEED (Center for Entrepreneurship and Executive Development), MATA, и др.;
- АППРМ поддржува обуки на наставници, ученици и студенти. АППРМ има развиено ваучерски систем за советување кое може да го користи МСП, но пред сè младите претприемачи;
- Дел од проектите (ADA – Austrian Development Agency, USAID, UNICEF и други донаторски линии), овозможуваат обука за наставниците, односно директно придонесуваат за градење на капацитетите на наставниот кадар, поттикнувајќи ја модернизацијата на образовниот систем, итн.;
- Градот Велес е прва општина која разви стратегија за претприемништво и развој на семејни и домашни бизниси (ноември, 2012);
- МоЕ поддржува бизнис инкубатори, организира Натпревар за најдобар бизнис план за студенти и дипломци (од 2012);
- Преку проектот на SEECEL (Центар за претприемачко учење на Југоисточна Европа) во 4 пилот основни училишта во државата се реализира програма за воведување на претприемачки вештини во основното образование во постоечките предмети;

- Владата на Република Македонија од октомври 2011 интензивно, на сите медиуми го промовира претприемништвото и го стимулира на тој начин претприемачкиот дух кај целата популација (кампања ОСМЕЛИ СЕ);
- Во ноември 2011 година, од страна на Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, а под покровителство на Претседателот на Република Македонија, и во присуство на Министрите за образование и наука и за економија, е формирана Националната мрежа за претприемачко образование во која членуваат професори и асистенти од универзитетите и наставниот кадар што го предава предметот Бизнис и претприемништво од средните училишта во Република Македонија;
- Веќе години наназад се организираат настани што придонесуваат за промоција на претприемништвото и во кои се вклучени бројни стејкхолдери (фондации, министерства, банки НВО, образовни институции и др.) - Европска недела на малите и средни претпријатија, Глобална неделна на претприемништвото, старт-ап викенди, Европски ден на претприемачот, Светски ден на претприемачот, Претприемач на годината, МК бизнис лидер, Патент на годината, Макинова, итн.;
- GEM – Global Entrepreneurship Monitor се спроведува во Македонија за 2008, 2010, 2012 и 2013 година од Центар за развој на нови бизниси од Скопје и Македонска развојна фондација за претпријатија. Податоците од GEM можат да бидат користени за набљудување и прогрес на имплементацијата на стратегијата за претприемачко учење;
- Во 2009 година, усвоена е стратегијата за индустриска политика на РМ во која има цела компонента за зајакнување на претприемништвото;
- Во ноември 2012 година, усвоена е Националната иновациска стратегија. Се очекува законот за иновациска дејност и фондот за иновации сериозно да ја зајакнат иновативната дејност и поддршката на бизнис-секторот и високото образование за комерцијализација на нови производи и услуги и за креирање на спин-аути

(http://www.pretpriemac.com/pretpriemacko-uchenje-vo-makedonija/. во Стојческа Ѓорѓиоска ет ал, 2018: 429).

Во тек е формирање на национална мрежа за претприемачко образование.

Националната мрежа се формираше во функција на остварување на следниве цели:

- Одржување на регионални настани за поддршка на претприемачкото образование;

- Зголемување на соработката помеѓу сите засегнати страни во процесот на подигање на свеста за претприемачко образование;

- Дисеминација на информации, искуства, и успешни приказни преку сите членови во мрежата;

- Поддршка на сите членови во мрежата за промовирање на нивните успеси и достигнувања во полето на претприемачкото образование;

- Вмрежување на сите релевантни актери во формалното и неформалното претприемачко образование;

- Поддршка на сите институции кои го развиваат претприемништвото и придонесуваат за неговата популаризација;

- Поддршка на креаторите на политиките за модернизација на образованието во Република Македонија.

#### 4.1.1.3 Претприемништво според ниво на образование

Според нивото на образование, дадено во графикон 5, воочливо е дека повисоките нивоа на образование се претприемачки поактивни. Иако од земја до земја постојат одредени разлики, сепак валидна е констатацијата дека, како што се зголемува нивото на образование, се зголемува и претприемачката активност. Тоа се однесува и на претприемништвото во рана фаза и на веќе воспоставени бизниси во Македонија. (ГЕМ, 2010:36)

Графикон 5. Претприемништвото според нивото на образование




Извор: GEM (2010: 36).

**Промовирање на иновативни методи за поучување базирани на активно и искуствено учење во Европа**

Голем дел од земјите препорачуваат иновативни педагошки пристапи преку кои учениците можат да учат во согласност со нивното предзнаење, искуство и интерес. Овие наставни методи можат ефективно да се промовираат низ користење на ИКТ со цел да се зголеми ученичката активност и да се подобрат нивните резултати. Во голем дел од земјите, иновативните педагошки методи се препорачуваат со официјалните образовни документи, додека поддршка е достапна до училиштата и наставниците во форма на совет или помош во имплементирање на овие нови наставни методи.

Графикон 6. Препораки за потреба на иновативни педагошки пристапи во средно образование 2009/10 (http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/key_data_en.php)




Извор: GEM (2010: 36).

#### 4.1.1.4 Претприемништво – клучна компетенција на ученикот во современото образование

Тргнувајќи од фактот дека образованието за претприемништво, заедно со личните особини го претставува вкупниот потенцијал на секој претприемач, може да се констатира дека тоа образование е директно поврзано со развојот на пазарната економија во земјата. Затоа на ова образование треба да му се обрне посебно внимание и треба да биде застапено на сите нивоа во образовниот систем.

Претприемништвото за современото општество стана реалност на неговото рационално дејствување, па присуството или отсуството на претприемништвото во една земја се смета како показател на степенот на развиеност на пазарната економија.

Познато е дека образованието и работната успешност на поединецот се наоѓаат во висока корелација. Аналогно на тоа, работната успешност на претприемачите во голем дел зависи од неговите претприемачки способности, што посебно важи за претприемачите во развиените земји, бидејќи нивните ефекти од работата зависат од знаењето за претприемништво со кое располагаат.

Во тој контекст, низ образованието се остварува поголем придонес, отколку преку материјалните вложувања. Ова, посебно се однесува на поединци, бидејќи нивната корист во вложувањето во сопственото образование ќе биде уште поголема и поконкретна. (*wordpress.com/.../preduzetnistvo,* во Стојческа Ѓорѓиоска et al, 2013: 85*)*

### 4.1.1.5 Претприемништво и образование – европски искуства и препораки

ЕУ значењето на претприемништвото и поддршката која образованието треба да ја обезбеди се препознава во документот „Имплементација на Лисабонската програма на заедниците: Поддршка на претприемачкото размислување низ образование и учење“ (COM, 2006: 33). Ова укажува на фактот дека „претприемништвото е клучна компетенција за развој, вработување и лична исполнетост“, но и „системот на образование во значајна мера треба да придонесе за успешно одговарање на предизвиците на претприемништвото во ЕУ“.

Анализирајќи го претприемништвото во образовниот систем на земјите членки на ЕУ, во документот децидно се наведуваат следните препораки:

- Националната и регионалната власт треба да воспостават соработка помеѓу одделенијата, која ќе доведе до развој на стратегија со јасни цели и која ќе ги покрие сите нивоа на образование;

- Образовните програми на сите нивоа, експлицитно треба да го вклучат претприемништвото како задача на образованието;

- Училиштата треба да обезбедат практична поддршка и поттик за започнување на претприемачки активности и програми;

- Посебно внимание треба да биде посветено на обука на наставниците, низ иницијалното образование и стручното усовршување и подигање на нивото на информираност на директорите на училиштата и училишните одбори;

- Треба да се поттикнува соработка помеѓу образовните институции и локалната заедница, посебно во бизнисот;

- Треба да се промовираат ученички мини-претпријатија;

- Поддршката на јавната власт е посебно важна кога е во прашање обезбедување на висококвалитетни обуки за наставници и кога станува збор за развој на мрежа која ќе овозможи размена на добра пракса

.

#### 4.1.1.6 Претприемништвото и образованието во Република Македонија

Оспособувањето на луѓето да ги следат промените што се одвиваат во современиот свет, да ги апсорбираат знаењата и вештините и да ги применуваат во практиката е важна алатка во синџирот на институционално – економските основи, кои ги создаваат условите за развој на претприемништво во Република Македонија. Тука, се тргнува од претпоставката дека насочувањето кон изразувањето на човековите активности со сопствено креирање на претприемачките зафати, покрај природната дарба или талент, може да биде поттикнато и од средината, но и преку системот на образование.

Професорите коишто предаваат претприемништво мораат и сами да бидат претприемачи и да применуваат претприемачки методи во тие процеси.

Табела 8. Елементи на претприемачкото и традиционалното образование

| Традиционалното образование се фокусира на: | Претприемачкото образование се фокусира на: |
|---|---|
| Минатото | Иднината |
| Критичката анализа | Конструктивност (творештво) |
| Знаењата | Проникливост (остроумност) |
| Пасивното разбирање | Активното разбирање |
| Апсолутната непристрасност | Емоционалното разбирање |
| Писмената комуникација и неутралност | Личната комуникација и влијание |
| Концепцијата | Проблемите и можностите |

Извор: Пешевски (2004: 51).

#### 4.1.1.7 Претприемачкото образование во Република Македонија

Направено е истражување на ГЕМ за претприемачкото образование и обука. Македонија малку заостанува зад земјите од регионот во поглед на посетени обуки поврзани со започнување и водење бизнис, особено по завршувањето на формалното образование.

Графикон 7. Учење за претприемништво




Извор: GEM (2010).

Според нивото на образование, дадено во графикон 7, воочливо е дека повисоките нивоа на образование се претприемачки поактивни. Иако од земја до земја постојат одредени разлики, сепак валидна е констатацијата дека како што се зголемува нивото на образование, се зголемува и претприемачката активност.

Графикон 8. Претприемништво според нивото на образование




Извор: GEM (2010:36).

### 4.1.1.8. Развивање на претприемачки способности кај учениците од средните училишта

Во светот на глобализација и предизвици на современиот свет, во кој знаењето, иновациите и промените се случуваат секој миг, се поставува прашањето - кои се тие знаења, вештини и способности кои треба да ги усвои поединецот, за да биде успешен во личниот и професионалниот живот, имајќи предвид дека традиционалниот систем на образование не може доволно брзо и ефикасно да реагира, за да ги следи промените. Затоа една од клучните компетенции за доживотно учење, по препорака на Европскиот парламент и Советот е претприемништво.

Улогата на образованието за развојот на претприемништвото е мошне специфична. За разлика од

традиционалните дејности, каде што образованието се искористува за подобрување на позициите преку целиот живот, за претприемачките дејности, совладувањето на професионалните знаења продолжува перманентно, додека индивидуата ја негува својата професија.

Наставниците коишто предаваат образование за претприемништво мораат сами да бидат претприемачи и да применуваат претприемачки методи и техники во тие процеси.

Во Република Македонија, во последните години, направен е напредок во однос на претприемачкото образование во трите нивоа на формалното образование. (Пред сѐ, како последица на неколку повеќегодишни донаторски проекти (УСАИД, ГТЗ, АДА и други донатори), спроведени се многу обуки за наставниот кадар кои ги подобрија вештините за предавање на претприемништвото. Истовремено, беа организирани виртуелни и реални компании, кариерни центри, натпревари за најдобар бизнис-план, ученички саеми и др.

Иако најголем број од активностите се одвиваа во средните стручни училишта, каде што има повеќе од еден предмет поврзан со претприемништвото, со воведувањето на предметот Бизнис и претприемништво како задолжителен предмет во четврта година во гимназиите и во уметничките училишта, Бирото за развој на образованието направи вистински чекор во насока на засилување на активностите поврзани со претприемачкото образование. Исто така, се реализира настава во рамките на слободните часови во стручните училишта по Бизнис и претприемништво, покрај редовниот предмет Бизнис во III и IV година. Спроведена е и обука на наставниците по бизнис, информатика, физика, хемија, биологија и уметност за развивање на претприемачките способности на учениците од средното образование.

Преку образованието, претприемачката култура треба да биде вклучена во животот на децата и младите уште од најрана возраст. Во исто време, треба да се зголемува свеста кај родителите, заедницата и образовните институции дека претприемништвото е почитувана опција во кариерата.

Треба да се потенцира дека претприемачкото учење не е само уште еден начин за изучување бизнис вештини. Во поширока смисла, се работи за оспособување на младите луѓе со менаџерски способности, а овие способности ќе им помогнат во животот што следи. Се развива индивидуална способност да

се претвори идејата во акција. Тоа вклучува креативност, иновација и преземање ризик, но истовремено и способност да се планира и раководи со проекти во правец на остварување на поставените цели.

Сепак, градењето претриемничка нација не е краткотраен процес. Само доколку се прифати на долг рок, овој пристап може да ги донесе посакуваните резултати. Важноста да им се помогне на младите луѓе целосно да ги развијат своите потенцијали не смее да се потценува.

Активности се потребни на повеќе нивоа. На највисоко ниво, владата треба да ги поврзе стратегиите за економијата и образованието во една заедничка стратегија.

Пресудна е улогата на наставниот кадар кој може да го стимулира ентузијазмот меѓу учениците. Но, повеќето од нив ниту имале обука за стекнување вакви вештини ниту се доволно мотивирани да го прават тоа. Затоа, активностите во правец на нивно оспособување и мотивирање се решавачки.

Локалната заедница има важна улога во поврзување на образовните институции со локалните организации и фирми, со цел организирање практични проекти за нивните ученици.

И на крај, тука се родителите чија задача е да ги едуцираат и охрабруваат своите деца во духот на претприемништвото. Според истражувањата, 2/3 од претприемачите потекнуваат од семејства во кои едниот или двата родители имале свој приватен бизнис.

Да се надеваме дека новите содржини и вештини ќе ги оспособат наставниците да пренесуваат знаења за претприемништво на начин кој ги гради и зајакнува нивните претприемачки способности. Целта ќе биде постигната ако со начинот на спроведување, младите ќе се обучат за сфаќање на светот како скапа можност  која овозможува остварување на сопствените интереси, идеи и стремежи (*www.aced.ba/ekonomski-razvoj).*

Накратко, претприемачкиот дух ја гради иднината, а образованието и наставниците се тие што треба да го поттикнат и овозможат развојот на претприемачките способности кај младите.

### 4.1.1.9 Пристапи за поттикнување на претприемништво

Унапредувањето на претприемништвото како мотор за економскиот развој, но и како клучна компетенција која треба на лицето да му овозможи најдобар развој на сопствениот потенцијал, претставува приоритет во развојот - и во ЕУ и пошироко. Во овој контекст, образованието игра клучна улога. Потребни се нови пристапи во наставата и учењето и нови партнерства со стопанството со цел учењето претприемништво да има што поголем успех. Основна задача на образованието е да пренесе нови клучни компетенции за сè подиверзитетното, глобализирано општество на еден пазар кој сè побрзо се менува. Ова заедно, со зголемената насоченост кон компетенциите, на развојот и воведувањето на нови форми и услови за учење и настава им дава еден дополнителен приоритет во реформите на образованието во сите области, со што се развиваат соодветни понуди за образование и доусовршување и се вметнува во соодветните структури за наставниците (*ww.kulturkontakt.or.at/site.asp?content=wp-17456&p_lcd..* во Стојческа Ѓорѓиоска и др., 2017: 190*)*.

### 4.1.1.10 Претприемачко образование

Претприемачкото образование и неговата важност привлекуваат сè поголем интерес во модерните европски општества. Претприемачкото образование се претставува како движечка сила за иновирање на наставата, заживување на културата, развивање на учењето и засилување на достигнувањата.

Претприемачкото образование е клучно за вклучување на бизнис светот и поблиската општествена заедница во образовниот процес, притоа истовремено воспоставувајќи ги потребните врски помеѓу образовните системи и бизнисите.

**Како се дефинира претприемачко учење?**

Според земјите членки на Европската Унија, постојат два начина за дефинирање на претприемачкото учење, во потесна и поширока смисла на зборот. Во **потесна смисла**, претприемачките ставови и вештини се однесуваат на обуката како да се креира бизнис, а во **поширока смисла**, концептот за образование на претприемачките ставови и вештини се однесува на развојот на персонални квалитети за претприемништво и не е директно фокусиран на креирање на

нови бизниси. Тоа опфаќа: креативност, иницијатива, преземање ризик и одговорност. (http://blog.key.com.mk/pretpriemnicko-ucenje/)

Во Република Македонија, има масовна поддршка за претприемачкото учење, која континуирано се зголемува и во политичките и во образовните кругови. Усвојувањето на стратегијата за претприемачко учење во 2014 беше значаен чекор напред за земјата. Стратегијата опфаќа амбициозна група на обврски и патокази кон достигнување на предизвикувачките цели поставени како основа за воспоставување на претприемачко општество.

Претприемачкото образование, сфатено како наставен предмет, но и како начин на предавање е релативно нов приод, и иако е потврдено дека тоа е област од огромна важност за економијата, сè уште не постојат општоприфатени начини на пренесување на ова знаење. Наместо тоа, најдобрите методи во наставата и учењето континуирано се идентификуваат од страна на самите наставници и професори и се споделуваат во рамки на образовната заедница.

Потребно е подобрување на сегашна пракса при развивањето на идеите за воспоставување на претприемачки училишни средини, во кои и наставниците и учениците би ги искусиле повеќестраните успеси. Развојот на претприемачкиот начин на размислување кај наставниот кадар и администрацијата е, исто така, од суштинско значење за успехот на целиот процес. Крајната цел е олеснување на образовното искуство кои ги инспирира учениците да стартуваат, им овозможува да видат каде се учењето може да ги однесе, и ги поврзува со можностите кои ја обликуваат иднината на нашата земјата. (How to teach enterpreneurschip? 2016.)

Светскиот економски форум (WEF, 2009) забележува дека, колку порано луѓето се изложени на претприемништвото, толку поверојатно е да станат претприемачи. Па така, логично е ако наставниците/професорите се во можност да им овозможат на учениците да се запознаат и дружат со претприемачи, кои ќе им ги пренесат важните локални и меѓународни перспективи на бизнисот, преку овој пристап ќе се овозможи учењето да биде истовремено - и релевантно и инспиративно.

Претприемачкото образование може да се смета како наставен предмет (креативност, иновација, основање на нов бизнис и негов развој), но исто и како начин на подучување на

која било тема или област (акциско учење, наоѓање и решавање на проблеми, проектно базирано учење,  вклучување на бизнисот во наставата и сл.).

Образованието игра критична улога во подготовката на младите луѓе и е од суштинско значење, ние кај младите да развиваме ментален склоп што е отворен и подготвен да ги прифати можностите и предизвиците како што тие се појавуваат. Затоа потребни ни се наставници и професори кои  можат да ги „снабдат“ своите ученици со вештини, знаење и однесување (преку претприемачкото образование) да бидат подготвени да се справат и успешно да се развиваат во овој брзопроменлив свет. Клаус Шваб, основачот и извршниот претседател на Светскиот економски форум (2009: 6), ни кажува колку е важна оваа перспектива: „Претприемништвото е движечка сила која поттикнува генерирање на иновативни работни места и го поттикнува економскиот раст... моќта што ја има образованието, е во развивањето на компетенции и вештини кои создаваат претприемачки менталитет и ги подготвуваат идните лидери за решавање на покомплексни, меѓусебе поврзани и брзопроменливи проблеми“ (Penaluna et al, 2016).

**Претприемачки наставник**

Претприемачките наставници имаат страст за предавање и настава. Тие се инспиративни, со отворени погледи и самоуверени, флексибилни и одговорни. Слушаат добро, можат да ги прифатат, но и да ги „продадат“ идеите и можат и сакаат да работат со учениците – овие наставници се ориентирани кон акција. Тие се тимски играчи и имаат добра развиена мрежа на контакти. Сакаат да го премостат јазот помеѓу образованието и реалниот свет со тоа што вклучуваат надворешни експерти во нивните предавања, бидејќи сакаат да ги пренесат вистинските искуства од практиката. Секогаш водат сметка и за економските аспект од која било тема. Често пати, поврзаните предмети со бизнис имаат многу важна улога во нивните часови. Следат флексибилен и приспособлив план за учење и преферираат интердисциплинарно, проектно-базирано учење. Користат материјали од обуки место од учебници. Ставаат акцент врз групните процеси и интеракции. Разбираат дека училницата некогаш би можела да биде место на судир на мислења, ослободувајќи место за разноликоста – разлика на мислења, одговори и решенија и различни пристапи кон процесот на учењето. Еден претприемачки наставник повеќе е тренер, за разлика од некој што држи предавања. Тие го

поддржуваат индивидуалниот процес на учење на учениците и развојот на личните компетенции.

Едно друго европско размислување, исто така, може да ни помогне во разбирањето на претприемачкото образование. Овој пристап е базиран на следните неколку централни теми:

- Претприемачкото образование е повеќе од подготовка на учениците - како се започнува и води еден бизнис. Тоа е за развивање на претприемачки ставови, вештини и знаење кои би им овозможиле на учениците да ги претворат своите идеи во реалност.

- Наставниците не можат да подучуваат како е да се биде претприемачки настроен, без тие самите да бидат претприемачки наставници.

- Претприемачките компетенции бараат активни методи за вклучување на учениците во образовниот процес, за тие да ја ослободат својата креативност и иновативност.

- Претприемачките компетенции и вештини можат да се развијат или надградат преку учење и практикување на вистински примери и искуства од животот.

- Претприемачките вештини можат да бидат развивани низ сите предмети, но можат да се предаваат и како посебен предмет.

- Претприемачкото образование треба да се фокусира и на внатрешното претприемништво, со цел учениците да ги користат овие претприемачки особини внатре во компаниите или во јавните институции.

-За да му се даде на претприемачкото образование вистинско забрзување, прво треба да се доразвијат исходите од учењето поврзани со иновациите и претприемништвото, методите поврзани со оценување и процедурите за осигурување на квалитетот за сите нивоа на образованието. Ова треба да се дизајнира на таков начин за да им се помогне и на самите наставници да можат подобро да се стекнат со претприемачко знаење, вештини и ставови.

- Агендата за претприемачко образование, треба да се промовира и надвор од границите на образовните институции, односно во бизнис секторот и во пошироката заедница.

- Наставниците и училиштата нема да можат да ги остварат своите амбиции, без соработка и партнерство со колегите, бизнисите и другите заинтересирани страни (European Commission, 2013b: 5).

#### 4.1.1.11. Пристапи за предавање претприемништво

Еден од пристапите за предавање на претприемништво е користење симулации. Симулирање на учењето на учениците во врска со тоа како претприемачите учат е тешко. Се бара создавање на несигурни и нејасни, но охрабрувачки контексти за учениците да научат повеќе од само теоретско знаење. Неизвесноста на програмата за образование е реципрочна со околностите во кои еден претприемач основа бизнис, бидејќи вложувањето е ризичен и неизвесен процес. Додавање на двосмисленост, исто така, ја зголемува емоционалната изложеност, која е вродена во претприемачкото учење, затоа што учениците работат на непознати активности каде што динамиката на групата е од суштинско значење, но од друга страна таа не може да се контролира. Таквата емотивна изложеност може да се создаде во текот на дизајнирањето, барајќи од учениците да работат на проблемот дека тие лично концептуализираат  и се посветени кон тоа. Тоа е важна „инвестиција во себе“, која го обликува учењето. Многу е тешко успешно да се симулира афективната димензија на претприемачкото учење во целост.

На пример, еден фактор што не може лесно да се симулира е финансиската изложеност и додатниот  ризик со кој еден претприемач се соочува кога започнува бизнис. Да  им се овозможи на учениците да работат во групи направени по нивен избор или претприемачки наречени „тимови за учење“ е многу важно. При преземањето на таков општествен пристап за претприемачко учење, учениците:

- На еден или друг начин можат да го  изградат нивното разбирање од широкиот спектар на материјали кои ги вклучуваат социјалните и физичките околности, истории и општествените односи на луѓето што се вклучени.

- Литературата за претприемништвото ја нагласува улогата на акциско учење врз база на експерименти (Rae & Carswell, 2000). Креирање на симулиран контекст за учење, бара активност врз основа на проекти, но таквите пристапи се карактеризираат со неизвесност, двосмисленост и стрес, поврзани со дисконтинуитет.

Табелата 9 ја покажува анализата од истражувањето на претприемачкото учење и ги покажува клучните карактеристики на потребната симулација.

Табела 9. Главни карактеристики потребни при симулирање претприемачко учење

| **Придонес од теоретичари** | **Претприемачко учење** | **Главни карактеристики потребни за да се симулира претприемачкото учење** |
|---|---|---|
| Cope (2003) | Финансиски и емоционални. | Изложеност на неизвесност и двосмисленост. Учениците да се тргнат надвор од нормалните образовни процеси. Да се зголеми емоционална изложеност со воведување на целосно непознати активности или проекти. Воведување на групната динамика. Употреба на упатство за дизајн за повнимателно да се управува со емоционалната изложеност. |
| Rae and Carswell (2000); Young and Sexton (1997) | Проактивно и акциско ориентирано однесување. | Употреба на проектно-базирани, искуствено пристапи. Осигурете се рефлексијата да е вградена во дизајнот. |
| Deakins and Freel (1998); Cope (2003); Cope and Watts (2000) | Дисконтинуитети, настани, кризи, Пресвртници. | Креирајте притисок во временски рамки. Користете туторијали (практични водичи) или ментори за постојано предизвикување на размислувањето на студентите. |
| Taylor and Thorpe (2004); Hamilton (2004) | Социјално ориентирано учење, учење како ко-учество. | Само избрани тимови, обучување на ментори. |
| Costello (1996) | Постојано учење, вообичаено учење. | Применувајте веќе утврдени знаења за нови проблеми. |

Извор: Approaches to Learning Simulating Entrepreneurial Learning: Integrating Experiential and Collaborative (2012).

**Креирање на пристап базиран на акција**

Овој пристап интегрира индивидуално и колективно учење. На индивидуално ниво се разбира вклучување на искуствени процеси на концептуализирање, експериментирање, искуство и размислување.

Со усвојувањето на пристап базиран на акциско учење, се докажа дека учениците најдобро учат преку споделување на своите теории и искуства на едни со други. Постојан елемент од овој пристап е дека учениците работат на вистински проблеми кои што немаат видливи решенија. Има голем спектар на прифатливи решенија на презентираниот проблем. Како резултат на тоа многу можности се креирани за учениците да учат од нивните грешки и да се надградуваат професионално и колективно при донесување одлуки.

Овој пристап од учениците бара да работат тимски да развијат бизнис-идеја и таа да ја претворат во бизнис-предлог којшто потоа ќе биде презентиран на инвеститори. Претприемачкото образование треба да развива знаења, вештини и однесувања.

Табела 10. Знаење, вештини и однесување развиени од претприемачкото образование

| Знаења и вештини | Однесувања |
| --- | --- |
| За организирање на нов бизнис:<br>Да се носат одлуки и да се развива стратегија;<br>Да се најдат ресурси<br>за широко разбирање за функционирањето на економијата и за препознавање на можностите за бизнис;<br>За препознавање и избор на вистинските човечки ресурси и човечки потенцијал;<br>За корпоративната одговорност и за етичката димензија на работењето;<br>Способност за работа како индивидуа, но и во тим;<br>За процена на нечии јаки и слаби страни;<br>За преземање на пресметан ризик;<br>За „вмрежување“; | Креативност/иновативност;<br>Чувство за иницијативност;<br>Проактивност;<br>Независност;<br>Преземање ризик;<br>Убедливост;<br>Желба за независност;<br>Мотивација и посветеност кон остварување на целите;<br>Потреба за остварување;<br>Желба за успех;<br>Спремност за „судир“ со неизвесноста;<br>Самодоверба;<br>Отвореност за можностите;<br>Страст;<br>Визионерство;<br>Општествена одговорност. |

| | |
|---|---|
| За проектен менаџмент;<br>За менаџмент знаење;<br>Презентациски и преговарачки вештини. | |

Извор: (*bro.gov.mk/galleries/.../01.../Inovacii-IX-%20prezentacija-MKD.p...).*

Слика *2.* Педагошки методи што се користат во претприемачко образование




Извор: *bro.gov.mk/galleries/.../01.../Inovacii-IX-%20prezentacija-MKD.p...*

### 4.1.2 Стратешкиот аспект на ВОИ како претприемачка функција за започнување бизнис

Доколку стратешката важност на конкурентноста на институцијата се гледа од гледна точка на вработените и квалитетот на нивните професионални компетенции, од една страна, а постојаното зголемување на нејзината социјална важност се рефлектира во потребата од активирање на

потребниот квалитет на човечкиот капитал и создавање на подобри индивидуални можности за развој на сите членови на општеството, од друга страна, соработката со локалната заедница и работниот сектор од аспект на компатибилност на пазарот на трудот и неговата употреба иницира дека секоја образовна институција станува се поголема и поважен разумно-последичен дел наречен важен фактор во развојот на општеството и индивидуата.

Високообразовните институции, нудат комбинација на знаење и негово користење, развивање ставови и одговорности рефлектирани во резултатите од учењето, персоналот од различни нивоа на развој на овие способности остварува профил, а нивниот квалитет го одредува односот барател-потрошувач со заедницата, регионот и целото општество. Затоа, исполнувањето на потребите на заедницата со точно дефинирани профили на персоналот што ги задоволуваат потребите на работниот сектор како резултат на нивното долгорочно стратешко планирање, повеќе од која било друга компанија се издвојува како потреба, причина и последица.

#### 4.1.2.1 Политиката за вработување и иницирањето нови бизниси

Согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) општините имаат право и обврска сами да го планираат економскиот развој и да преземаат активности за да ја подобрат економската иднина на граѓаните. За тоа е неопходен стратешки пристап кој ќе ги поврзе високообразовните институции (ВОИ) и локалната самоуправа (ЛС - членови на Советот на општината, вработени во одделенијата за економски развој) преку аспектите на потребите на деловната заедница (ДЗ), односно локалниот пазар на труд, изразен преку неговата конкурентност. Ова треба да го определи и предметот на истражување на овој труд како - потреба од постоење концептуална рамка за стратешка институционална конкурентност на високообразовните институции (ВОИ) иницирана од потребата за подобрување на ефикасноста на локалната самоуправа преку реално ефективно задоволување на потребите на локалниот пазар на труд (Serafimova, M. Stojceska, Gjorgioska, M. 2013: 79).

Практичната цел на истражувањето е да се согледа реалната состојбата на процесот на управувањето со локалната политика на вработување во општините, кој се реализира во

услови на непостоење на функционален стратешки пристап изразен преку реални сознанија за потребите на бројот и видот на професионални струки потребни за задоволување на ДЗ и постојната структура на пазарот на труд, што ќе се ефектуира преку:

- планирано приспособување на понудата на локалниот пазар на труд преку бројот и видот избрани стручни насоки на матурантите на потребите на окружувањето,
- приспособување на видот на факултетските единици, насоки и програми на ВОИ според реалните практични потреби на стопанскиот сектор на државно ниво, што пак ќе резултира со интерна конкурентност на единиците во високообразовниот систем на пазарот на труд.

Ова истражување овозможи:

- осознавање ставови и мислења на претставници на ЛС (членови на Советот на општината, вработени во одделенијата за економски развој) кон постојната практика на управување со локалната политика на вработување во општините;
- осознавање ставови и мислења на ДЗ за постојната практика на водење на оваа политика;
- осознавање ставови и мислења на матурантите, студентите и дипломците за постојната практика на водење на оваа политика;
- согледување мислења и предлози за потребата од подобрување на процесот на управување со локалната политика на вработување во општините од сите наведени интересенти.

#### 4.1.2.2 Согледување потреба за реални промени

Односот кон промените, ова истражување го манифестира преку активности и делување во насока на:

- *Институционални промени* — кои се однесуваат во согледувањето на потреба од промени во постојниот систем на водење на локалната политика на вработување, која ќе влијае на видот на професионален кадар на пазарот на трудот и времето на чекање за вработување на институционално и општествено ниво. Фокусот е насочен кон оние за кои и постои - неговите

директни создавачи и корисници на образовните услуги, што би придонесло за зголемен квалитет во работата и подобрувања на резултатите евидентни кај сите корисници како аспект на целокупниот институционален и општествено - економски развој.

• *Индивидуалните промени* се однесуваат на промените на секоја *институција* поединечно, кои би се препознавале во подобен пристап на вработените и претставниците на сите тела во водењето на образовната политика на општествено и локално ниво. Тоа подобрување би се манифестирало преку меѓусебна зголемена и ефективна соработка, како по хоризонтала така и по вертикала, мотивираност за перманентни интерни и екстерни промени во надлежности, содржините и легислативата

Таа соработка, најмногу би се одразила врз влијанието на сите *интересенти,* во случајот претставени преку студентите, семејството, бидејќи сите се засегнати како директни корисници на образовната услуга, преку зголемен степен на инволвираност во институционалната функционалност на локалната самоуправа, изразена преку искуството како аспект за промената, развој на соработката и довербата, доживување на соработката како квалитативна индивидуална, институционална и општествена обврска, индивидуална придобивка на сите вклучени во процесот.

Истражувањето се реализира во пет општини во Република Македонија каде што постојат универзитетски единици или нивни дисперзии**.**

Примерокот на истражување се состои од:

- Примерок - претставници од локалната самоуправа (126);
- Примерок - претставници од деловната заедницата (стопанска комора) - сопственици на компании (132);
- Примерок - претставници од матуранти, активни студенти и дипломирани студенти (570).

По анализата на сите анкетни листови за секој примерок поединечно и заедно, посебно искажаните согледувања на испитаниците се класифицираа во:

Заеднички согледувања на сите испитаници:

- Немаат сознанија за реалниот број моментални, краткорочни и долгорочни потреби од професионални стручни спецификации на идни вработени на ДЗ;
- Немаат сознанија за видот (моментални, краткорочни и долгорочни потреби) на професионални стручни спецификации на идни вработени на ДЗ;
- Немаат сознанија за запишаниот број матуранти во ВОИ, ниту за видот на избраните факултети и студиски насоки;
- Потребно е зголемувањето на нивната ефикасност како битен фактор за подобрување на постојниот систем на влијание врз пазарот на трудот.

Поединечни согледувања, претставниците на ЛС:

- Потребна е реална координација при планирањето на политиката за вработување на локалната самоуправа и уписната политика на ВОИ;
- Не постои нивна соодветна вклученост во процесот на уписната политика на образовните институции;
- Постои потреба од континуирано следење на локалните и државните потреби на пазарот на трудот;
- Потребно е зголемување на приспособеноста на видот професионални образовни компетенции на потребите на окружувањето;
- Потребно е партиципирање, но и развој на знаењата и вештините за дадената проблематика на претставници на локалната и деловната заедница во креирање на образовните политика на државно и локално ниво.

Согледувања на претставниците на ДЗ:

- Не постои планиран процес за прибирање податоци и анализа, како и презентација на потребите на ДЗ;
- Потребно е приспособување на содржините на универзитетските програми и содржини во насока на ефективен трансфер на знаењата во практиката;
- Потребно е нивно учество во креирањето образовна

политика преку доставување повратна информација од нив како вработувачи за задоволството од трансферот на знаења на дипломците на работното место.

Согледувања на матуранти, студенти и дипломци:

- Потребна е реална и навремена информираност за структурните потреби на пазарот на трудот;
- Потребна е соработка со деловната заедница за потреба од постоење развоен план за практикување и волонтирање;
- Потребна е соработка со деловната заедница за идни стипендирања и вработувања;
- Потребно е градење стратешки партнерски однос меѓу интересентите.

Анализата на наведените согледувања упатува на три моменти:

- Потреба од надминување на постојната состојба;
- Потреба од редефинирање на одредени аспекти;
- Идентификување идни чекори за подобрување (Serafimova, 2014).

Надминување на постојната состојба:

- Реализирање ефективна институционална самоевалвација која ќе овозможи дефинирање мисија, воспоставување стратегија и постоење на демонстрирана посветеност на вработените и членовите на ЛС и ДЗ во процесот на управување во насока на ефективно опслужување на потребите за вработување на микроокружувањето, со следење на потребите на соседните општини;
- Изнаоѓање решенија со кои ќе се надмине недоволната стручност, информираност и вклученост на членовите на ЛС за институционалната уписна политика на ВОИ;
- Спроведување интерна евалвација на процесот на локалната политика за вработување со дефинирани критериуми за вреднување, која ќе овозможи отворена интерна и екстерна институционална комуникација

поддржана со реално документирани и анализирани, системски собрани податоци, доставени до сите заинтересирани субјекти во макро и микроокружувањето;

- Подобрување на квалитетот на постојниот систем на локално управување врз основа на стандарди за квалитет кои ги дефинираат клучните процеси и потребните ресурси, соодветни на оние во реалната практика.

Потреба од редефинирање на одредени аспекти:

- Потребно е зголемување на надлежностите на членовите на деловната заедница во локалната самоуправа, со што ќе се зајакне нивната ангажираност во делот на влијание на отворање или затворање струки во средните стручни училишта, а кои ќе соодветствуваат со потребите на бизнис заедницата како матуранти или насочено ќе го продолжат своето образование;

- Потребна е поголема соработка со деловната заедница и нејзино инволвирање во работата на ВОИ преку мотивирање со стипендии, вработување и обезбедување работна практика, регулирана со соодветна законска регулатива;

- Задолжувањето на членовите на ЛС со законски дефинирана надлежност за доставување на записниците од состаноците на ЛС до телата кои ги делегирале но и до надлежните ресорни министерства, со што ќе се овозможи двонасочна комуникација и увид во работата на ВОИ на централно и локално ниво;

- Конкретизирањето на обврските и недореченостите во постојната законска регулатива ќе ја пополни празнината во создавање слободно интерпретирање на постојните законски одредби;

- Донесување подзаконски акти кои ке конкретизираат одредени формално искажани законски одредби (Серафимова, Стојческа-Ѓорѓиоска, 2017: 36).

### 4.1.2.3 Идентификување чекори за подобрување

Истражувањето откри голем број моменти за подобрување на процесот, но заради обемноста на трудот, ќе ги наведеме следните:

- Одржливоста на квалитетот на надлежностите, сите наведени фактори кои креираат образовна политика на сите нивоа, ја поврзуваат со поддршка од советодавно професионално лице, или институционално тело дипригирано на локално ниво во кое ќе партиципираат претставници од ЛС и ДЗ, кое на локално ниво ќе овозможи потребна логистика во насока на:

  - изготвување стратешка програма за професионален развој на локалниот пазар на труд;

  - донесување критериуми за динамика на прибирање податоци и документирање на интерните потреби на компаниите во ДЗ;

  - редовно прибирање и презентирање на достигнувањата на образовните институции како дел од ефикасноста на нивната уписна политика до сите заинтересирани субјекти;

  - редовно информирање на интересентите за реалната состојба и промените на пазарот на трудот.

- инволвираност во телата за управување на ВОИ и стопанскиот сектор како двонасочен проследувач на навремени потребни информации и анализи до и од сите интересенти.

- Учество во дефинирање на уписната политика на ВОИ т.е. на одредени единици и насоки во насока на затворање, ротирање, мирување на постојните или отворање нови.

- Проследување на информации до ресорните министерства кои ќе придонесат во ефикасноста на креирање владини економски и образовни политики (истражување на авторите).

Анализата на ова истражување укажува на отсуство од стратегија за развој на локалниот пазар на труд нагласувајќи ја

недоволната стручност и недоволна соработка меѓу базичните актери на економскиот локален развој на општините во Република Македонија:

Локалната самоуправа - е директен креатор на локалната политика за вработување;

Деловната заедница - ентитет чиј развој директно зависи од локалниот пазар на труд и неговата понуда.

ВОИ - кои преку произведување на стручни кадри треба и мора да овозможат образовен квалитет според барањата на пазарот на трудот, на локално и државно ниво со што би ја зголемиле својата институционална конкурентност препознаена од вработувачите и оние што треба да се вработат.

Ресорните министерства - учествуваат во креирањето на општествената економска и образовна политика во државата.

Отсуството од стратешко планирање и комуникација, која би се засновала на реално прикажување на состојбата преку навремено прибрани, анализирани и достапни информации за сите наведени интересенти би овозможила ефективна понуда на стручни кадри на пазарот на труд и ефективна локална политика на вработување, од една страна и издржана институционална конкурентност на студиските насоки и факултетските единици во високообразовниот систем во Република Македонија (Serafimova, 2014).

### 4.1.3 Неформално образование и обука

Претприемачкото учење е дефинирано како активност на учење во текот на животот, со цел подобрување на знаењето, вештините и способностите кон личните, граѓанските, социјалните и деловните перспективи. Со цел успешна транзиција во општеството и економија заснована врз можни знаења, водечкиот принцип на целиот концепт на учење и стекнување знаење треба да се заснова на процесот на претприемачко учење.

Македонија е мала и отворена економија и постојано развива различни политики и мерки во насока на подобрување на нејзината конкурентност. Насочена да стане препознатлива земја со поволна бизнис-клима, Македонија се соочува со многу сложени и ограничувачки фактори. Потребата од претприемачко учење и развој на професионални компетенции како услов за

вработување или развој на кариера е една од нив. Целта е да се идентификуваат главните проблеми предизвикани од недостаток на оваа вредност, додавање можност за вработување и кариерен развој на вработените. Анализата беше спроведена меѓу постојните системи за сертификација на претприемништво и професионална компетентност во некои европски земји и стратегии на дејствување во однос на Македонија (Серафимова, 2013: 145).

Учењето на претприемништво е еден од приоритетите во формалното и неформалното образование. Овде можеме да најдеме видови на образование и обука кои не се дел од формалното образование, но можат да донесат повеќе можности за учење за луѓето во Македонија, без оглед на нивната возраст - ова е составен дел од целокупната стратегија за екоструктурата.

Формалното учење, секогаш е организирано и структурирано и има цели за учење. Од гледна точка на оние што учат, секогаш е намерна, т.е. експлицитна цел на учениците е да стекнат знаења, вештини и (или) компетенции. Информалното учење ретко е структурирано, нема поставена цел во однос на резултатите од учењето и скоро никогаш не е намерно. Честопати тоа се нарекува учење преку искуство или едноставно - искуство.  Неформалното учење е концептот за кој постои најмал консензус, што не значи дека не постои консензус за другите два, едноставно дека широк спектар на пристапи во овој случај прави потешкотии за консензуално дефинирање. За повеќето автори се чини јасно дека неформалното учење е прилично организирано и може да има цели за учење. Предноста на среднорочниот концепт лежи во фактот дека таквото учење може да се случи по иницијатива на поединецот, но исто така се случува како нуспроизвод на поорганизирани активности, без оглед дали активностите имаат цели за учење. Во некои земји, целиот сектор на учење на возрасни потпаѓа под неформалното учење; кај други, учењето на возрасните е формално. Затоа, неформалното учење дава одредена флексибилност помеѓу формалното и неформалното учење, кое мора строго да се дефинира за оперативно, взаемно ексклузивно и да се избегне преклопување“ (ОЕЦД, 2010).

Информалното и неформалното образование се најдобриот начин за создавање можности за возрасните луѓе да се вклучат во процесот на претприемачкото учење, како што се оние што губат работа, а исто така и за лица што имаат потреба

од дополнителни приходи. Исто така, тука се и поединците коишто ги проширувaат своите ставови учејќи сами, на работа или за нивното слободно време. Информалното и неформалното образование треба да поддржат развој на бројни компетенции што ќе им овозможат на поединците да ги зголемуваат:

- капацитетите за доживотното учење,
- специфичните надлежности поврзани со видот на индустријата/секторот или хобито,
- можностите за вмрежување,
- искористувањето на ресурсите,
- користењето нова технологија,
- новите можности и новите опции за кариера,
- активностите што следат за да се зголеми имплементацијата на наученото.

Сите овие аспекти ќе поттикнуваат проактивен пристап кон самовработување и економска независност.

#### 4.1.3.1 Значењето на искуственото знаење и стекнатите компетенции

Peter Drucker, еден од водечките мислители во претприемништво, истакнува: „Тајната на претприемништвото не е магија, не е тајна и нема никаква врска со гените. Тоа е дисциплина. Како и сите други дисциплини, може да се научи и усоврши.“ (Drucker, 1985).

Според Куратко, една од најсеопфатните емпириски анализи на претприемачкото учење ја спровел Solomon (2002). Во неговиот преглед на претприемачкото учење, тој истакнува дека главната поента на претприемачкото учење е тоа што е различно од типичното, формално-деловното образование (Kuratko, 2005).

Овие студии ја демонстрираа важноста на „искуственото учење“ во однос на учењето од литературата.

Според нивните извештаи, наставата помага на следново:

- изработка на бизнис планови (Gartner & Vesper, 1994);

- социјални интеракции (Truell, Webster & Davidson, 1998);

- консултации со вистински претприемачи, разговори со претприемачи и анализа на окружувањето (Solomon et al, 1994 година);

- математички симулации (Brawer, 1997);

- симулација на однесувањето (Stumpf et al, 1991);

- студии (Gartner & Vesper,1994);

- посети на страници, снимки од видео и филм (Klatt, 1988).

Овие компоненти на претприемништво ги одразуваат надлежностите на претприемачите. Терминот „претприемачки вештини“ го наоѓа своето место во литературата за претприемништво. Во изминатите дваесет години, различни автори идентификуваат голем број вештини, знаења и искуства, клучни за успех во претприемништвото.

Значи, додека Murray (1996) има ограничени претприемачки вештини за лично искуство на претприемачите, Man et al (2002) ја истакнува категоријата на лидерство.

Basu и Goswami (1999) ги сметаат претприемачките надлежности како социо-културни фактори, а Martin и Staines (1994) како личен квалитет. Конечно, Mitton (1989) со аргументи покажува дека претприемачки компетенции имаат карактеристики на однесување, наспроти Floren (2006), кој смета дека најважната вештина на претприемачот е менаџирање со времето. Покрај тоа, Европската рамка за квалификации (EQF) го проучува влијанието на програмите за претприемништво во високото образование до 2012 година. Европската комисија соопшти дека клучот за претприемачката компетентност „се состои од знаење за претприемништво, претприемачки вештини и претприемачки став.“ Притоа, различните компетенции се класифицирани во секоја од овие категории. Надлежностите на EQF во тесна смисла значат докажана способност да се користат знаења, вештини и лични, социјални и (или) методолошки вештини за работа или студии во ситуации и во професионален и личен развој.

Одлична дополнителна врска меѓу образованието, претприемништвото и вработувањето дава Ronstadt во 1987

година, кој предлага модел со дизајн со двоен континуум и создава едукативна обука за претприемачко учење. Неговиот втор континуум го нарекува „претприемачко знаење / претприемачко знаење-кој“. Ова е континуум заснован на верувањето дека успехот во деловните активности не зависи само од знаењето, туку и од мрежата на поединци во која се поврзани претприемачите. Ronstadt (1987) сугерира дека ефективната програма мора да им покаже на учениците како да аплицираат за претприемачки проекти, но и да ги запознае со луѓе кои би можеле да обезбедат поддршка и успешност на нивните идеи. Според него, образовните програми и обуките не се единствениот или најпосакуваниот начин за стекнување на претприемачко знаење.

Различни форми на претприемачко учење (формално, информално, неформално) не можат да се ревидираат во изолација од нечиј живот, но тие треба да се перципираат како паралела што ги надополнува доживотните компетенции, или како „мешавина за учење“ (Rauschenbach et al, 2004).

Иако оваа мешавина за учење не е доволно препознаена во практиката, важноста на другите, неформални места на учење, сѐ повеќе станува главен фокус на вниманието. (Rauschenbach et al, 2007: 439-443).

Неформалните места за претприемачко учење, што се различни од формалните, имаат неколку значајни предности. Во однос на фактот дека тие се неформални и дека неформалното учење во контекст на светот е неопходност на населението во реалниот живот, сите луѓе можат постојано да развиваат свое учење и свои вештини. Флексибилноста на индивидуалноста на ситуации во учењето овозможува влез на голем број луѓе што живеат во реалноста на промените и потребите, со што се разбира потребата од неконвенционалните биографии на учењето (Reichenbach, 2007: 445-449).

„Учењето не се одвива во општото образование или во стручни училишта и вообичаено не е сертифицирано. Во исто време, тоа е систематско (според целите, времетраењето и ресурсите на учењето), и од гледна точка на ученикот, честопати е насочено кон одредена цел“ (Reischmann, 2004). Неформалното учење, во однос на образованието на возрасните, се однесува на сите контексти на учење, кои не се планирани од надвор (формално), туку се насочени и свесни од гледна точка на ученикот и овозможуваат стекнување знаење.

Целта е да се задржат постојните знаења за време на професионалното надградување, да се разговара со соработниците и заедно да се решат професионалните проблеми, да се читаат стручни публикации, да се присуствува на семинари и конференции - аспекти на главниот процес на неформално претприемачко учење.

„Тоа е форма на учење што се одвива во секојдневниот живот, работното место, кругот на семејството или за време на одморот. Не е структурирано (во врска со целите на учењето, времето на учење или поттикот) и обично не е овластено. Неформалното учење може да биде насочено, но во повеќето случаи, тоа е несвесно или ненамерно“ (Commission, 2001: 33).

Тоа пред сè, влијае на индивидуалноста: постојано нови впечатоци, импулси и искуства, со цел да се развие лична проценка и став. Ова, на поединците им овозможува „да се етаблираат  во окружувањето и работната околина и пред другите луѓе да го истакнат своето мислење и совест“ (Commission, 2001: 35).

Затоа, неформалното и информалното учење се форми на самоорганизирано учење. Во последните неколку години, едукативната дебата во формалниот и неформалниот дел беше силно оформена од идејата за компетентност. Причините за ваквиот развој првенствено се промените во однос на знаењето во „постмодерниот свет“. Така, во областа на информатичката технологија, нивото на знаење на поединците, во многу тематски области, има ограничена сигурност. Затоа, поседувањето надлежности, што овозможува дејствување во невообичаени ситуации и употреба на нови информации, станува сè поважно.

Во исто време, периодот на индивидуализација на општеството, учењето и образованието ја истакнува одговорноста на поединецот (Pries). Важноста на „меките вештини“ и интердисциплинарните квалификации во овој контекст постојано се зголемуваат (Lipski, 2004).

За да се потврди образованието на поединецот, до неодамна терминот „знаење“ и истражувањето до кој степен може да се репродуцираат вештините и знаењето беа во центарот на вниманието. (Reichenbach, 2007).

Од средината на минатиот век наваму, во дебатата за политиката на образованието постепено се вклучија и останатите аспекти на првичната цел поставени од фондациите,

како што се можноста за критичко размислување, вештини за решавање проблеми и можност за соработка (Tully, 2004).

Овој развој продолжува во 80-тите и термините како „преносливи клучни квалификации“ или концепти како „да научиш како да учиш“ стануваат сѐ попопуларни. „Овој тренд конечно се подобри со тестирање на програми на ОЕЦД кои се занимаваат со таканаречените „животни вештини“, што треба да им овозможат на луѓето да се справат со современите и идните барања, секојдневните побарувања во приватниот и професионалниот живот, како граѓани и како вработени, во врска со понатамошно доживотно учење“ (Klieme, 2004: 10-13).

Во меѓувреме, „развојот на компетентности“ стана централен концепт во меѓународната дебата за образование. Министрите за образование на ОЕЦД (2001) сметаа дека развојот на надлежностите е клучен за општеството засновано на знаење.

„Нашата цел се состои во тоа што ќе им овозможиме на сите граѓани да стекнат компетенции - како основни квалификации и претпоставки за понатамошно учење и лични и социјални компетенции, кои се неопходни за учество во општеството засновано врз знаење“ (Kaiser, 2007: 11, во Серафимова & Стојческа Ѓорѓиоска, 2017: 48).

Доколку неформалното и информалното учење се разгледаат во контекст на едукација за возрасни од една страна, а како аспект на професионален развој од друга страна, личната одговорност и одговорноста кон самата организација, овие процеси се стекнуваат со огромно значење.

„Неформалното учење се карактеризира со тоа што индивидуата, заснована врз пристапот кон проблемот или интересот што самата си го поставила, а кој го смета за релевантен, поставува цели (учење), чија реализација бара од неа да развива работен план или активности за учење, кои се спроведат самостојно, притоа одлучува како да се справи со тешкотиите што ќе се појават и конечно потврдува кога ќе ги разгледа донесените компетенции поволни за реализација на целта на учењето“ (Commission, 2001: 3).

#### 4.1.3.2 Можности за нивна апликативност во Македонија

Истражувањето вклучува идентификување на клучните тематски области за оние кои сакаат да ги потврдат стекнатите промени во некои европски земји и предизвиците со кои се среќава народот во Македонија. Понатаму, трудот ги претставува приоритетните области и долгорочните цели предвидени за периодот 2018 - 2020 година од Европската комисија за зголемување на нивото на свесност кај граѓаните за значењето и важноста на образованието за претприемништво на сите нивоа во земјата. Истражување и анализа на споменатите документи, на државите им овозможува да ги препознаат специфичните проблеми со кои се соочуваат лицата кои сакаат да стекнат или стекнале претприемачки вештини додека отвораат или го развиваат малиот бизнис.

Сите видови на трансформации се покриени со различни видови предизвици што честопати можат да бидат многу ограничувачки фактори за да се обезбеди успешно спроведување на стратешките документи. Таков е случајот со донесените стратешки документи. Поради тоа, важно е да се изгради силна способност за да се соочиме со предизвици со конструктивен пристап од самиот почеток, за да се обезбеди успешно спроведување на стратегијата за претприемачко учење.

Најголемите предизвици за успехот на овој стратешки документ за претприемачко учење во Македонија ќе бидат следниве, презентирани во опаѓачки приоритетен редослед:

- Обезбедување поддршка од сите засегнати страни одговорни во спроведувањето на стратегијата за учење на претприемништвото во Македонија. Значаен предизвик, што оваа стратегија ќе треба да го реши, е обезбедување на доволно поддршка од сите релевантни фактори во процесот на имплементацијата. Не се работи само за формални, информални или неформални образовни институции и креатори на политики, туку ќе има голема потреба од градење на заедничко окружување, во кое сите делови од формалното, неформалното и информалното образование ќе соработуваат во создавање на подобра иднина. Аналогно на тоа, вклучувањето и посветеноста на компаниите да учествуваат во релевантни активности на ЕЛ стратегијата ќе биде еден од најважните фактори за успешно спроведување.

- Ограничени финансиски ресурси, човечки ресурси и време. Како и секогаш ограничените финансиски ресурси, но и човечките ресурси можат да станат една од најголемите пречки за успешно спроведување на стратегијата. Друг предизвик е лицата што ќе бидат на првата линија во спроведувањето на оваа стратегија, ќе треба да вложат повеќе напори, а тоа ќе бара дополнително време од нив.

- Создавање флексибилно образование, особено во областите поврзани со учење од претприемништво со поврзаност на други предмети за учење во формалното, неформалното и информалното образование. Ова е еден важен предизвик затоа што главната цел на наставната програма ќе мора да успее да ги подготви лицата за работни места кои сè уште не постојат на пазарот. Флексибилната наставна програма ќе избегне високо ниво на тековно генерализирање на образовниот систем во нивниот распон, создавајќи знаење за сè и за секого и ќе придонесе за создавање на тесно квалификувани луѓе подготвени за идните работни места што дури и денес не постојат.

- Градење високо ниво на свесност од заинтересираните лица и за сите страни во процесот на претприемачко учење во Република Македонија. Поради тоа, еден од предизвиците на оваа стратегија е да се изгради навистина високо ниво на свест од заинтересирани за претприемачко учење и локална и национална заедница, што ќе имаат поддршка во процесот на учење на претприемништвото.

- Создавање програми за обука што ќе ги одразуваат реалните потреби на денешниот и идниот пазар. Развојот на наставниците е еден од најважните столбови на стратегијата, но и создавање програма за обука што ќе обезбеди успешно спроведување на стратегијата е дополнителен предизвик.

- Вклучување и заложба на компаниите да учествуваат во релевантни активности на ЕЛ стратегијата. Директното вклучување на компаниите во образовниот процес е клучот за успешно спроведување на стратегијата (2014: 21).

#### 4.1.3.3 Приоритетни стратешки области за развој на претприемачко учење

Областите со висок приоритет за стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија се лоцираат во пет главни столба, образложени подолу, додека технологијата и добрите практики се двигатели на стратегијата што ќе ја зголемат целокупната свест за ЕЛ и ќе резултираат во реформи и континуирани даватели на услуги за развој. Сите овие се предуслови за постигнување на визија за стратегија ЕЛ - да се обезбеди одржлив економски развој и просперитет на Македонија и Македонија да стане земја со високоразвиена претприемачка култура и дух што ги инспирира сите (2014: 32).

Претприемачите, сегашни и потенцијални, се важни компоненти на оваа стратегија за учење на претприемништво. Успехот на претприемачите ќе значи успех во спроведувањето на стратегијата. Главниот фокус на стратегијата е ставен на младите претприемачи и на условите и околината потребни за нивниот успешен раст. Овој столб на стратегијата треба да им обезбеди на претприемачите да ги зајакнат своите капацитети за:

- Проширување на тековните развиени тешки вештини;
- Барање на можности и преземање иницијатива;
- Користење на технологии, иновации и развој на нови производи;
- Упорност;
- Побарувачка за квалитет и ефикасност;
- Пресметано преземање ризик;
- Систематско планирање, поставување на целите и следење;
- Убедување и вмрежување;
- Независност и самодоверба;
- Собирање средства;
- Интернационализација на нивната работа (2014: 33).

Табелата подолу ја покажува важноста на подигнување на свеста кај луѓето за овој вид на претприемачки компетенции за стекнување.

Табела 11. Долгорочни цели: 2018 - 2020 година

| ISCED 0-1-2 | ISCED 3-4 | ISCED 5-6 | Информални / неформални |
|---|---|---|---|
| Приоритети / активности | Одговорности | Временска рамка | Влијание на временската рамка. |
| Да се изгради претприемачко свесно општество | Сите заинтересирани страни | Долгорочно | Опкружување во кое постои јасно разбирање на вистинското значење на претприемачкото учење со правилно разбирање на важноста на учењето во претприемништво. |
| Да се вклучат сите засегнати страни да станат активен дел од ЕЛ процесот во сите образовни процеси во земјата | МОН, локална самоуправа, образовни институции | Долгорочно | Повеќе заинтересирани страни околу образовните организации ќе станат активен дел од процесот на учење за претприемништво. |

*Извор:* Европска комисија; Cedefop; ICF International (2014) .Европски попис за валидација на неформално и неформално учење 2014 година. Извршно резиме.

Анализираните искуства за валидација на информалното и неформалното претприемачко учење во некои од државите на ЕУ, откриваат дека националните контексти на државите би можеле да бидат многу хетерогени во однос на различните карактеристики на валидацијата, во однос на нивоата на идентификација, проценка и сертификација, но и стадиумот на развој на процесот, дури и при употреба на различно значење на термините во различни состојби.

Но, наметната континуирана потреба и преголем развој на овие типови индивидуални претприемачи учење за извршување на потребите и проблемите, безусловно ќе иницира постојани надградби на системите и законските рамки. Размената на искуства, особено со државите со подолга историја од оваа на Македонија, значително ќе придонесе за

зголемување на ефикасноста на овој систем на валидација.

Практикувањето на однесувањето на претприемачот во рамките на постојната организација, претставува вложување или проект. Предмет на интерес на овој труд е филозофијата на дејствување и однесување на претприемачот на вработените во постојното егзистирање на организација, препознаена преку размислување и дејствување на претприемачот на вработените кои не се на раководни позиции.

Една од целите на овој труд е да се идентификуваат главните сегменти на институционалните проблеми, поврзани со постоењето и признавањето на искуствено стекнатите компетенции на работното место, во контекст со квалитативните промени во работата, како категории поврзани со индивидуалниот развој на кариерата, кои се перципираат преку призмата на подобрена стручност, зголемена ефикасност на планирање и реализирање на работните задачи, подобрена ефикасност на работното време и тимска работа, од една страна, и ставови, мислења и предлози за потреба од формално признавање и валидација на искуствените компетенции на вработените, од друга страна. Нашето внимание беше насочено кон истражување на: Аспекти за препознавање на искуствените компетенции на вработените; б) Ставови и мислења на вработените за потребата и протокот на процесот.

Промените во современото живеење наметнаа потреба од промена на основното значење на „договорот за вработување“, односно индиректното разбирање меѓу вработените и работодавците (Sarasvathy, 2004: 707-717).

До неодамна, оваа терминологија подразбираше дека се додека поединецот успешно ги извршува работните задачи и обврски, ќе се реализира активен работен однос. Во ерата на рационализација на компаниите, овие договори го загубија значењето поради што многу вработени не чувствуваат лојалност кон своите работодавци и ги користат институционалните и личните можности да започнат сопствен кариерен развој внатре во институцијата.

Тука би ја споменале и промената на основните вредности. До неодамна, за многумина доминантна тема беше сигурноста, препознаена низ редовни примања кои перманентно се зголемуваат во текот на професионалниот живот. Најновите истражувањата ја менуваат оваа слика. Според нив, сè поголем е бројот на млади стручни кадри кои претпочитаат независен

животен стил кој нуди избор наместо сигурност или предвидливост (Koen & Baron, 2003).

Интрапретприемништвото вклучува создавање или реорганизирање на комерцијална примена на нешто ново, за што е потребно активна вклученост на вработените. Многу успешни компании поттикнуваат иновација и преземаат активни чекори за создавање средина во која би имале експресивен развој (Sarason et al, 2006: 286-305).

Rouchefoucauld (1665) вели: „Кога се во прашање сериозни активности, пожелно е помалку да се концентрираме на создавање можности, а повеќе на профитирање од тие кои веќе постојат.“

*Микропристапите* заземаат перспектива оддолу кон нагоре и се обидуваат да го разберат претприемачкиот процес преку фокусирање на однесувањето и ставовите на поединци или групи. Начинот на кој се однесуваат поединците е клучен за разбирањето на претприемачкиот процес (Baron & Shane, 2008:13).

Претприемништвото е процес, а не настан или активност, кој минува низ повеќе поврзани развојни фази, во кои иновативноста и знаењето имаат централна улога (Rauch et al, 2004).

Претприемачкиот процес започнува со препознавање на можностите, односно на потенцијалот за создавање нешто ново: производ или услуга, нови пазари, производни процеси, нови начини на организирање постојни технологии, човечки ресурси што се резултат на сложена шема на променливи услови во областа на знаењето, технологијата или во економски, политички општествени и демографски услови (Dun & Bradstreet, 1999).

Честопати се наведува дека еден од клучните фактори кој се зема предвид при одлучувањето за вертикално поместување на вработените е начинот на кој вработените се претставуваат себеси за време на средбите и презентациите лице в лице - тоа е факторот што им дава поголема тежина (Zacharakis & Mayer, 1995: 115123).

Но, би им ја нагласиле и важноста и на:

- Вештината што се однесува на *влијаење врз другите*

*или убедување на другите* се смета за особено значајна во многу деловни контексти. (Carter et al, 1996: 151-166**).** Оваа компетенција за заснова на реализирање ефективен комуникациски процеси и култура на изразување.

- *Социјалната приспособливост* - вработените кои добро се вклопуваат речиси во секаква деловна ситуација се одликуваат со висока социјална приспособливост (Baron, 1988: 111-127). Компетенциите што спаѓаат во групата „социјални“ можат да им помогнат на вработените ефективно да се согласуваат со колегите и корисниците и успешно да реализираат многу активности кои се потребни за придонесување за успешноста на институцијата. Неодамнешните наоди оценети од страна на компетентни стручни лица, укажуваат на тоа дека оние што добро ја владеат социјалната компетенција, всушност се поуспешни во поглед на профитабилноста на своите институции, за разлика од оние што се послаби со вештините што се опфатени со комуникациските и социјалните компетенции (Baron & Markman, 2003: 41-60).

- *Ефективно работење со другите,* согледано преку *градењето доверба, знаењето да се работи заеднички* и *справување со неизбежните конфликтни ситуации* се вештини што им помагаат на вработените да изградат социјален капитал за своите институции. Неодамнешните наоди покажуваат дека организациите со висок социјален капитал т.е. оние што имаат високо ниво на доверба, наклонетост и заемно идентификување помеѓу соработниците и корисниците, се поефективни и поуспешни од оние што имаат слаб социјален капитал (Lewicki, & Wiethoff, 2000: 86-107).

## 5. МЕРЕЊЕ НА СПОСОБНОСТИТЕ И ЗНАЕЊАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ БИЗНИС ВО МАКЕДОНИЈА

Домашните експерти во 2013 година, генерално имаат позитивни ставови во однос на можностите за започнување нов бизнис. Просечната вредност во оваа категорија изнесува 3,25. Најмногу од домашните експерти се согласуваат со изјавата: „добрите можности за отворање нови претпријатија значително се зголемени во последните пет години“ (3,51), а најмалку со изјавата: „постојат многу добри можности за отворање нови претпријатија“ со која експертите генерално не се согласуваат (2,81), што не било случај во 2012 година. Во споредба со претходните години, се забележува пад во сите поткомпоненти, односно можности за започнување нов бизнис. Споредбено со земјите од регионот, Македонија има приближно иста генерална оценка за можностите за започнување бизнис како и Хрватска (3,21). Слична е состојбата во земјите од ЕУ. Другите земји, како Словенија и Босна и Херцеговина, имаат пониски оценки во однос на Македонија. Експертите во Турција имаат дадено повисоки оценки од земјите земени за споредба *(3,46).*

Доколку се земе предвид изјавата од претходната компонента „постојат повеќе добри можности за отворање нови претпријатија отколку што постојат луѓе способни да ги искористат“, генерално, експертите во Македонија се согласуваат со оваа изјава, но помалку отколку во 2012 година. Следствено на тоа, тие оваа година им даваат повисока генерална оценка на способностите и знаењата за започнување бизнис (2,58), споредбено со 2012 година. Сепак, генералната оценка е пониска од 3, што значи дека моменталната состојба со способностите и знаењата за започнување бизнис не е стимулирачка за претприемништвото во државата. Највисоко е оценета изјавата: „многу луѓе знаат како да отворат и раководат со мал бизнис“ (2,81), а најниско е оценета изјавата „многу луѓе знаат како да отворат и раководат со високорастечки бизнис“ (2,27). Споредбено со земјите од регионот, способностите и знаењата за започнување бизнис во 2013, генерално се оценети под 3. Највисока оценка има во Македонија (2,58), а најниска во Босна и Херцеговина (2,45). Најниско оценета изјава во сите земји е: „многу луѓе знаат како да отворат и како да раководат со високорастечки бизнис“.

Табела 12. Способности и знаења за отпочнување бизнис

| | МКД | | | | ХРВ | СЛО | БИХ | ТУР | ЕУ-28 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2010 | 2012 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 | 2013 |
| Многу луѓе знаат како да отворат и раководат со високорастечки бизнис. | 1,97 | 1,87 | 1,87 | 2,27 | 1,95 | 2,11 | 1,97 | 2,11 | 2,07 |
| Многу луѓе знаат како да отворат и раководат со мал бизнис. | 2,80 | 2,59 | 2,87 | 2,81 | 2,20 | 2,42 | 2,25 | 2,91 | 2,78 |
| Многу луѓе го имаат потребното искуство за отворање нов бизнис. | 2,40 | 2,33 | 2,45 | 2,65 | 2,19 | 2,31 | 2,06 | 2,40 | 2,43 |
| Многу луѓе може навремено да реагираат на добри можности за отворање нов бизнис. | 2,30 | 2,42 | 2,45 | 2,59 | 2,12 | 2,47 | 2,00 | 2,41 | 2,41 |
| Многу луѓе имаат способност да организираат ресурси потребни за отворање нов бизнис. | 2,41 | 2,32 | 2,37 | 2,56 | 2,11 | 2,33 | 2,00 | 2,41 | 2,40 |
| Просечна вредност[8] | 2,38 | 2,35 | 2,4 | 2,58 | 2,11 | 2,33 | 2,06 | 2,45 | 2,42 |

Извор: GEM (2013:68).

Ефикасен пазар на труд што функционира добро е значаен дел од севкупното деловно окружување кое поддржува развој на современо претприемништво и започнување нови бизниси. Според индикаторот за ефикасност на пазарот на труд (ГИК), ефикасноста на пазарот на труд е оценета со 4,2, со што Македонија е рангирана на 71 место. Иако има одредено подобрување, и понатаму треба да се делува кон подобрување на ефикасноста на можноста за отворање нови или ефектуирање на бизнис можностите за претприемачите. Истражувањето на МОТ (2013) покажува дека постојните компании, генерално сметаат дека законската регулатива на пазарот на трудот и можноста за стекнување претприемачко знаење и обука е релативно добра, но одредени аспекти треба значајно да се подобрат. Како главни области, МОТ (2016) ја наведува поддржувачката средина за одржливи претпријатија (Enabling environment for sustainable enterprises). Тука е неопходно подобрување на регулативата. Во тој контекст е: прекинување на работен однос и отпуштање на работници,

видови на работни договори и вработување, кои како аспекти треба и мора да им бидат главни водилки при функционирањето, проширувањето или отворањето нови бизниси во Македонија.

Сосема е јасно дека процесите за унапредување на законската регулатива и нејзино приспособување кон европското законодавство се позитивни бидејќи ги подобруваат стандардите и условите за започнување бизниси во Република Македонија.

## 6. ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ПРЕДУСЛОВ ЗА ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ

Претприемништвото во моментов е еден од клучните приоритети на политиките на владите низ Европа, како и во сите развиени економии во светот. Но, и земјите во развој, како и земјите кои се на пониско ниво на развој, гледаат на претприемништвото како главен двигател на економскиот развој и клучна алатка во борбата против невработеноста и сиромаштијата. Во својата суштина, претприемништвото е фокусирано на претворање на идеите во акција, за што е потребна креативност, иновативност и преземање на пресметан ризик.

Глобализацијата ја зголеми потребата на економиите да се натпреваруваат и да иновираат, а „создавањето“ на креативни и иновативни претприемачи е од клучна важност за да се одговори на предизвиците кои ги носи глобализацијата од една страна, но од друга страна и за искористување на предностите на предизвиците што се појавуваат. Покрај развојот на своите бизниси, претприемачите креираат нови работни места, а со тоа играат важна улога во економската и општествената благосостојба. „Често се смета дека претприемачите се националното богатство кое треба да се чува, мотивира и наградува во најголема можна мерка. Претприемачите можат да го сменат начинот на кој ние живееме и работиме. Доколку се успешни, нивните иновации може да го подобрат стандардот на нашето живеење, а како дополнување на создавањето на богатство од нивните претприемачки бизниси, тие креираат и работни места и услови за развој на општеството.“ (Seth, 2015, во Поленаковиќ, 2017: 22)

Светската криза во изминатите 5-6 години, само уште повеќе ја нагласи потребата за развој на што поширока и поцврста база на европски претприемачи. Но, овој предизвик не е важен само за Европа, тој е веќе приоритет насекаде на светот (некаде од аспект на конкурентноста на економијата, а некаде од аспект на борба против невработеноста и сиромаштијата).

За наоѓање на одговор на тековните проблеми и предизвици, Европската комисија развива, усвојува и имплементира низа мерки. Клучна препорака меѓу тие мерки е градењето на посилна култура за претприемништво и развивање на „претприемачки дух“ особено меѓу младите луѓе, за што клучни двигатели се образованието и обуките.

Клучниот документ на кој се базира понатамошниот развој на политиките за поддршка и развој на малите и средни бизниси на ниво на ЕУ (2000) е „Европска повелба за мали претпријатија“, во кој се сугерира „... земјите членки да го негуваат претприемачкиот дух и да развиваат нови вештини кај младите уште од најрана возраст преку бизнис и претприемачко образование, почнувајќи од средното образование...“. Јасно е дека европските политики сугерираат младите да бидат изложени на знаења и искуства поврзани со претприемништвото, што е можно порано.

Развојот на претприемништвото е важнен за сите земји, не само за Европа. Wim Naudé од Универзитетот на Обединетите нации вели:

„Глобалниот економски развој влегува во фаза во која претприемништвото ќе има значително поважна улога. За тоа постојат најмалку три причини, при што секоја причина е поврзана со земји со различно ниво на развиеност. Најпрво, западните, развиените земји, ја менаџираа економијата во периодот 1970-2000 година, потпирајќи се на големите корпорации и масовното производство, со што на некој начин се влезе во таканаречената претприемачка економија. Во последната декада, доминира побарувачката за производи и услуги кои се базираат на современото знаење, кое пак е развиено во флексибилни мали компании кои се основа за развојот на новото креативно размислување (т.е. креирање на ново знаење).

Второ, во земјите во развој, а тоа е најзабележливо во земјите од БРИК групацијата (Бразил, Русија, Индија и Кина) импресивниот развој на општеството се базира на претприемачката револуција која се случува во тие земји. Потребата на овие економии да го одржат растот преку одржлив пристап до ресурси, знаење, пазари др., го става приоритетот на иновативното претприемништво.

И трето, кај неразвиените земји, каде што зависноста од меѓународна помош е огромна, донаторите го менуваат фокусот на помошта кон развој на приватниот сектор во земјите. Во многу од овие земји, особено во земјите што не се богати со природни ресурси, како што се земјите, на пример, на Северна Африка, популацијата се состои од многу млади луѓе кои гледаат многу мали шанси во добивање на работа со пристојни плати. Во овие земји промовирањето и поддршката на младинското

претприемништво станува клучна политика кај многу влади и донатори.“ (Naudé, 2016, во Полнаковиќ, 2017: 24).

Слично мислење има и Strive Masiyiwa кој вели дека претприемачите имаат многу што да ѝ понудат на својата земја (слика 3).

Слика 3. Улогата на претприемачите и претприемништвото во економскиот развој на државата




Извор: Поленаковиќ (2017:24).

Тие се:

- Креираат работни места;
- Развиваат услуги и производи потребни за земјата;
- Создаваат богатство (за нив лично, но и за земјата).

Претприемачите плаќаат даноци кога ги продаваат своите производи и услуги, кога ги исплаќаат своите вработени, плаќаат царина кога увезуваат репроматеријали... Овие пари се користат за да се исплатат платите на државните службеници, да се изградат патишта и друга инфраструктура, да се изградат

училишта, болници, да се вооружи армијата.... Вака се креира богатство!“ (Nwokike, 2016, во Поленаковиќ, 2017: 25).

Најголемото светско истражување за претприемништвото Global Entrepreneurship Monitor – GEM го дефинира претприемништвото како „секој обид за создавање нов бизнис или потфат, како самовработување, нова бизнис-организација или проширување на постојниот бизнис, од страна на поединец, тим или од веќе воспоставен бизнис“. ( Поленаковиќ и Лазаревска, 2016, во Поленаковиќ, 2016: 25). Пристапот на ГЕМ се базира на разбирањето на претприемништвото како процес, кој во себе содржи неколку фази: перцепции за претприемништвото, активности на претприемачите и аспирации на претприемачите. Притоа, претприемништвото не се гледа изолирано, туку е дел од опкружувањето (економско, социјално итн.), во кое одредени фактори имаат поопшто или поспецифично влијание врз претприемништвото. Македонија е дел од ГЕМ од 2008 година. Националниот тим за истражувањето на ГЕМ во Македонија го сочинуваат претставници на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) и Центарот за развој на нови бизниси (БСЦ) при Машинскиот факултет Скопје - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

### 6.1 Важноста на претприемачкото образование во функција на развој на екосистемот за старт-ап компании

Претприемачкото образование е основа за развивање на млади креативни лица со иновативен дух и претприемачки начин на размислување. Во насока на стимулирање на претприемачкото образование, препораките во развиените економии се дека образовните системи треба да се преструктурираат за младите луѓе да можат да ги ослободат своите вродени претприемачки вештини и да научат како да си ја земат судбината во свои раце. Пред претприемачкиот екосистем да може да се развие, системите на образование мора да ја прифатат идејата дека претприемништвото е „добра работа“. Интуитивно, луѓето го разбираат терминот „креативно уништување“ кое го придружува претприемачкиот бизнис, па оттука и стравот и сомнежот со кој може да се соочи образовниот систем. Затоа, потребно е претприемачкото образование да биде насочено директно кон младите луѓе кои се поотворени за самоистражување и најчесто имаат повеќе волја да го предизвикаат добиеното знаење, мудрост и општествените предрасуди отколку повеќето возрасни.

Претприемачкото образование егзистира во еден поширок екосистем, структура која е составена од голем број партнери, чинители, стејкхолдери, чии улоги и влијанија меѓусебно се преплетуваат (слика 5). Во светски рамки, веќе е општоприфатен ставот дека потребно е да се зајакнува целиот претприемачки екосистем за да се овозможи создавање квалитетно претприемачко образование, нов бран на претприемачи и проактивно претприемачко општество.

Во слична насока се и препораките на Европската комисија, во кои се вели дека претприемачкото образование треба да резултира во развивање на претприемачки компетенции за целокупната популација (ученици, студенти и возрасни). Се очекува дека овие мерки ќе резултираат во создавање на широк пул на претприемачки ориентирани индивидуи, од кои само одреден дел би започнале свои бизниси, но сите би биле оспособени да одговорат на сè поголемите барања на пазарот на трудот.

Слика 4. Елементи на претприемачкиот екосистем




Извор: Поленаковиќ (2017:27).

Претприемачкото образование треба да придонесе и за поголемо разбирање на светот на бизнисот, на претприемачите, односно да доведе до поширока популаризација на претприемништвото. На сликата 6 се претставени видот на компетенциите кои заеднички би требало да бидат „излез“ од претприемачкото образование. Во својата суштина, претприемачкото образование е фокусирано на претворањето на идеите во акција, за што треба креативност, иновативност и преземање на пресметан ризик, и дополнително, овој вид на образование треба да ги оспособи индивидуите да структурираат, планираат и да ги менаџираат овие процеси. Претприемачкото образование треба да се сфати како процес што влијае на сите аспекти од животот, односно како процес што овозможува доживотен развој на посакуваните компетенции.

Слика 5. Клучни компетенции/исходи на претприемачкото образование




Извор: Поленаковиќ (2017: 28).

Во таа насока Европскиот парламент и Европскиот совет ја дава препораката за клучните компетенции што треба да се стекнуваат преку доживотното учење (и за формалното образование, но и за професионалниот развој на возрасните, при што се наведени следните клучни компетенции:

1. Комуникација на мајчин јазик.

2. Комуникација на странски јазици.

3. Математичка писменост и основни компетенции од науката и технологијата.

4. Дигитални (ИТ) компетенции.

5. Како да се учи.

6. Социјални и граѓански компетенции.

7. Смисла за инцијативност и претприемништво.

8. Свест за култура и изразување.

Како седма компетенција е наведена „*смисла за иницијативност и претприемништво*“ и таа посебно се фокусира на претприемништвото и се дефинира како „способност на поединецот за претворање на идеите во дела. Тоа вклучува креативност, иновација и преземање ризици, како и способност за планирање и менаџирање проекти за постигнување на целта. Ова ги поддржува поединците, не само во нивните секојдневни животи во домот и општеството, туку и на работното место, да станат свесни за контекстот на нивната работа и да бидат способни да ги зграпчат можностите, а исто така е и основа за поспецифични вештини и знаења што им се потребни на оние што воспоставуваат или придонесуваат кон социјалните или работните активности. Тука треба да бидат вклучени и свеста за етички вредности и промовирањето на добро владеење (Европска комисија, 2007).“

Дополнително, во изминатите 3-4 години Европската комисија преку неколку официјални документи дополнително го зајакнува фокусот кон претприемачкото образование.

Така, во 2012 година во извештајот *Rethinking education: Investing in skills for better socio-economic outcomes*, Комисијата ја нагласува важноста на трансверзалните вештини, при што особено фокусот е на претприемачките вештини, и препорачува:

„Земјите членки на ЕУ треба да ги зајакнуваат претприемачките вештини преку нови и креативни начини на настава и учење почнувајќи од основното образование, преку средното образование до високото образование за да се сфати креирањето на нови бизниси како можна кариерна опција. Искуството од реалниот сектор, преку учење на база на решавање на реални проблеми поврзани со компаниите, треба да бидат вткаени во сите дисциплини и на сите нивоа на образование. Сите млади лица треба да имаат придобивка од најмалку едно практично претприемачко искуство пред да го напуштат задолжителното образование“ (Europen Commission, Brussels, 2012).

Во 2015 година, Европскиот парламент донесе резолуција за промовирање на младинското претприемништво во системите за образование и обука. Таму се вели:

„Некои земји членки на ЕУ треба да развијат меѓусекторски политики или стратегиски пристап кон претприемачкото образование, односно кон претприемачките образовни програми и методи за настава, сè додека сите наставници и образовни лидери во Европа не бидат доволно обучени за претприемачкото образование, ... а претприемништвото да биде сфатено посеопфатно, како низа на трансверзални клучни компетенции потребни и за личен и за професионален развој“ (European Parliament, Brusseles, 2015).

Живееме во општество базирано на знаење. Современото општество бара голем број на различни компетенции за да може секоја личност да си ја „крои“ својата судбина и да придонесува за својата, но и за добросостојбата на сопственото семејството, како и за општото добро.

Претприемништвото е препознаено како клучна компетенција за развојот на личноста, а образовните системи и доживотното учење како клучни за развивање на претприемачкото однесување и иновативното размислување. Покрај развојот на своите бизниси, претприемачите, исто така, креираат нови работни места, а со тоа играат важна улога во економската и општествената благосостојба.

Изминатата деценија е препознаена по зголемениот фокус кон иновативното размислување и претприемачкото образование. Во сите развиени економии во светот, претприемништвото е клучот за конкурентноста. Но, и земјите во развој (каде што спаѓа и Република Македонија), како и земјите

кои се на пониско ниво на развој, гледаат на претприемништвото како на главен двигател на општествено-економскиот развој и клучна алатка во борбата против невработеноста и сиромаштијата.

Во развојот на претприемачкиот екосистем, образовниот систем е еден од најважните фактори за креирање на слободоумни, спремни за преземање ризик и креативни млади личности.

## 6.2 Претприемачкото образование - ефикасен пристап за вработување

Претприемачкото образование и неговата важност привлекуваат сè поголем интерес во модерните европски општества. Претприемачкото образование се претставува како движечка сила за иновирање на наставата, заживување на културата, развивање на учењето и засилување на достигнувањата, со ефикасен пристап кон вработувањето.

Тоа се фокусира на претприемачките компетенции во контекст на создавање нов потфат, развивање на претприемачи кои се способни да преземат одговорност за сопственото учење во повеќе различни контексти. Овој дел дава преглед на постоечките истражувања за претприемачкото образование и обука со посебен осврт на моменталната состојба за некои земји во Европа, особено во Македонија.

Претприемништво и претприемачкото образование имаат значително влијание на поединците како да учат, а со тоа и на нивниот иден успех. Исто така, ги подготвува за надградување на професионален живот и е значајно средство за постигнување на индивидуалните и институционалните цели за вработување и за иден успех. Ова може да вклучува препознавање на себеси како личност која е креативна и информирана, која може да преведува идеи во акции, личност која е подготвена да ги оспори претпоставките преку критичко испитување и истражување.

Овој дел има за цел да разјасни некои основни аспекти на претприемачкото образование, фокусирајќи се на тоа што е, зошто е релевантно за општеството, да ја објасни врската помеѓу претприемачкото образование и можностите за вработување.

Претприемачкото учење може да се дефинира како процес во којшто општеството креира претприемачки лица, кои

не се само сопственици на нови бизниси, туку лица што поседуваат знаења и работни навики за иднината, лица што се подготвени да го променат светот на подобро, лица што даваат придонес на општеството и на општеството му враќаат, бидејќи им овозможило да станат тоа што се.

Република Македонија како членка на SEECEL, формално ја прифаќа нивната дефиниција за претприемачко учење преку потпишувањето на Регионалната повелба за претприемачко учење на SEECEL: „Камен темелник за раст и работни места". Земјите членки на SEECEL го дефинираат претприемачкото учење како: „Концепт за образование и обука кој го поддржува претприемачкиот начин на размислување и се базира врз развојот на индивидуалистите, вклучувајќи ги основните начела за ефикасноста во секојдневниот живот, без посебен фокус на започнување на бизниси, при што, сè од наведеното води кон претприемачка писменост за општеството како целина".

Начелно во литературата и во практиката, се користат две основни терминологии: претприемачко образование и претприемачко учење. Голем број експерти не прават јасна разлика меѓу овие поими. Многу често го користат поимот претприемачко образование за да опфатат некои работи што се дел од претприемачкото учење. Најголемата разлика меѓу двата поима е токму во вториот дел: образование наспроти учење. Образованието е процес на стекнување компетенции преку настава, што со едноставни зборови значи пренесување на знаењето од општеството на поединците. Од другата страна, учењето е процесот на стекнување компетенции преку настава, но дополнително и преку искуството и многу поголемата самоиницијативност на лицето што сака да научи нешто ново. Затоа, претприемачкото учење е многу поширок поим кој предвидува широк спектар на активности што ќе го поттикнат претприемачкото размислување во општеството.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Ефикасен пазар на труд што функционира добро е значаен дел од севкупното деловно окружување кое поддржува развој на современо претприемништво и започнување нови бизниси. Според индикаторот за ефикасност на пазарот на труд (ГИК), ефикасноста на пазарот на труд е оценета со 4,2, со што Македонија е рангирана на 71 место. Иако има одредено подобрување и понатаму треба да се делува кон подобрување на ефикасноста на можноста за отворање нови или за ефектуирање на бизнис можностите за претприемачите. Истражувањето на МОТ (2013) покажува дека постојните компании, генерално сметаат дека законската регулатива на пазарот на трудот и можноста за стекнување претприемачко знаење се релативно добри, но одредени аспекти треба значајно да се подобрат. Како главни области, МОТ (2016) ја наведува поддржувачката средина за одржливи претпријатија (Enabling environment for sustainable enterprises), каде што е неопходно подобрување на регулативата. Во тој контекст ги наведуваат: прекинување на работниот однос и отпуштање на работници, видови работни договори и вработување кои како аспекти треба и мора да им бидат главни водилки при функционирањето, проширувањето или отворањето нови бизниси во Македонија.

Сосема е јасно дека процесите за унапредување на законската регулатива и нејзино приспособување кон европското законодавство се позитивни бидејќи ги подобруваат стандардите и условите за започнување бизниси во Република Македонија.

Вештините и знаењата што се развиени преку обука и едукација, се една од ретките области во кои една земја може да создаде конкурентна предност. Важноста на претприемачкото образование произлегува од важноста на претприемачот низ целиот економски систем.

Негувањето на претприемачкиот дух и овозможување на позитивно окружување што го поддржува претприемништвото, според тоа, стануваат основна одговорност на севкупниот образовен систем. Најновите наоди од истражувањето што го спроведе Европската комисија, упатуваат на тоа дека лицата што поминале низ претприемачките програми и активности, што покажуваат посилни претприемачки ставови и намери, (се вработуваат побргу по завршувањето на студиите), можат да бидат поиновативни, дури и како вработени во некое

претпријатие. Овие лица, повеќе отвораат сопствени компании.

Клучната улога на претприемачкото учење е стекнување компетенции потребни за XXI век. Во тоа важна улога имаат наставниците и едукаторите, кои поседуваат специфицирани знаења и вештини за реализирање претприемачкото учење и треба да применуваат иновативни методи што ќе го поттикнуваат развојот на претприемачкиот дух кај младите луѓе.

Поаѓајќи од овој аспект, Република Македонија треба да ги вгради креативноста, иновациите и претприемништвото во образованиот систем. Целта на трудот е да се анализираат концептите на економскиот развој, неговата поврзаност со претприемништвото, претприемачкото образование како негов значаен аспект за развој, како и стратегиите за негова реализација и имплементација.

Претприемачкиот начин на размислување и дејствување не е поврзан само со бизнис потфат. Претприемачко ориентираните поединци мислат на користење на нови можности, комбинирање на ресурси на нови начини. Накратко претприемачкиот дух ја гради иднината, а образованието и наставниците се тие што треба да го поттикнат и овозможат развојот на претприемачките способности кај младите.

Потребата за претприемачкото учење бележеше и сѐ уште бележи постојан раст. Меѓутоа, сѐ уште постојат и одредени пречки за прифаќањето на претприемачкото учење. На пример, сѐ препознава фактот дека постои недостиг од човечки ресурси и финансии за ваков вид на образование, понатаму, сѐ уште е присутно многу ниско ниво на свесност за важноста на претприемништвото за економскиот развој, итн. Освен тоа, постојат видливи тенденции во академската заедница да го поистоветат претприемачкото учење исклучиво со учењето како да се започне и води бизнис. Иако наоѓањето одржливи идеи за нови бизниси е секако голем предизвик, предизвик е исто така и развојот на луѓе коишто ќе можат проактивно да ги поддржат и подобрат сите овие видови на нови бизниси.

Клучната улога на претприемачкото учење е да ги обезбеди младите луѓе (но не само нив) со компетенциите што се потребни за XXI век. Покрај тоа, претприемачкото учење е средство за зголемување на социјалната вклученост, тоа може да го зголеми бројот на претприемачи – општествени/социјални и комерцијални и може да послужи како премин за поголема

интегрираност на рамката од клучни компетенции за доживотно учење. (Стратегија за претприемачко учење: 28). Во тоа, важна улога имаат наставниците, кои треба да имаат добра обука за претприемачкото учење, да применуваат иновативни методи кои ќе го поттикнуваат претприемачкиот дух кај младите.

Примарната цел беше да се обезбеди преглед на релевантна литература за врските помеѓу претприемачкото образование и претприемачката активност. Образовниот систем ја потпомага базата на знаење, постигнувањето на вештини, компетенции и ставови врз кои ќе се темелат идните избори во кариерата. Бидејќи овие одлуки се од суштинско значење за иднината на поединецот, училиштето има одговорност да ги информира и да ги изложува учениците на широк опсег на можности за кариера, вклучувајќи го и претприемништвото. Извршениот преглед на литературата обезбеди неколку индикации за позитивна врска помеѓу претприемачкото образование и претприемачките активности. Овој доказ дава причини за поддршка за можностите на луѓето од сите возрасти, да учествуваат во напорите за едукација. Дополнително, образованието и обуката треба многу повеќе да се ставаат во промена на личните ставови отколку на знаењето, бидејќи ефектите би можеле да бидат повеќе значајни за процесот на креирање бизнис и да ги надминат перципираните бариери за претприемништвото. Образовните системи треба да бидат ориентирани кон истакнување и вреднување на претприемништвото за да промовираат култура на претпријатието.

## References

Andy, P. (2018), Enterprise and Entrepreneurship Education, Guidance for UK Higher Rducation Providers.

Act on the National Framework of Qualifications, Official Gazette of RM no. 137, 07.10.2013.

Arow, K. (1974), Limited knowledge and economic analysis. American Economic Review, 64 (1): 1-10.

Baron A.R. & Shane, S.A. (2008). Entrepreneurship: A Process Perspective, 2nd ed, Thomson Learning, Inc. (2008), 130.

Baron, R.A. (1988). Attributions and organizational conflict: The mediating apparent sincerity. Organizational Behavior &Human Decasion Processes 41. 111-127.

Baron, R.A.& Markman, G.D. (2003). Beyond social capital: The role of entrepreneurs social competence in their financial success. Journal of Business Venturing 18. 41 - 60.

Barry, C. (1994), "New directions in research on venture capital finance". Financial management 23 (3): 3-15.

Basu, A. & Goswami, A. (1999): South Asian entrepreneurship in Great Britain: factors influencing growth, International Journal of Entrepreneurial Behaviour & Research, 5(5), 251-275.

Bhide, A. (2000). The origin and evolution of new profits. New York: Oxford University Press. Blanchflower, D. & Oswald, A. (1998), "What makes an entrepreneur?" Journal of Labor Economics 16 (1):26-60.

Brawer, F. B (1997): Simulation as a Vehicle in Entrepreneurship Education, ERIC DIGEST, 97-1, 433-469.

Bridges, C. (2008). Entrepreneurship Education and Economic Development: Preparing the Workforce for the Twenty-First Century Economy.

Brinckmann, J (2008): Competence of Top Management Teams and the Success of New Technology Based Firms: A Theoretical and Empirical Analysis Concerning Competencies of Entrepreneurial Teams and the Development of Their Ventures, Wiesbaden: Gabler Publishing.

Влада на Република Македонија, "Закон за иновациската дејност," 23 Март 2016. [Мрежен].

Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee, and the Committee of the Regions on Entrepreneurship 2020 Action Plan: Reigniting the entrepreneurial spirit in Europe. COM/2012/0795 final.

Carter, H.M., Gartner, W.B. & Reynolds, P.D. (1996). Exploring start-up event sequences. Journal of Business Venturing 11. стр. 151-166.

“Rethinking education: Investing in skills for better socio-economic,” Europen Commission, Brussels, 2012.

Drucker, P. (1985). *Innovation and Entrepreneurship,* New York: Harper Collins.

Drucker, P. (1985): Innovation and Entrepreneurship: Practice and Principles. New York: Harper & Row.

Drucker, P. (2001). *The Coming of Entrepreneurial Society,* New York: Harper Collins.

Dohmen, G. (2001): Informelles Lernen - Die internationale ErschlieBung einer bisher vernachlassigten Grundform menschlichen Lernens fur das lebenslange Lernen aller. BMBF, Bonn 1.

Education ministers of the OECD Investing in competencies for all. Paris, 2001, 3.

European Commission Commission Communication (2001): Create a European area for lifelong learning. Brussels; p. 33.

European Commission, Commission Communication (2001): Create a European area for lifelong learning. Brussels. 35.

European Commision, *KEY COMPETENCES FOR LIFELONG LEARNING — A EUROPEAN REFERENCE FRAMEWORK,* Brussels, 2007.

European Commission/EACEA/Eurydice, 2012. Deelopment of Key Competencies in the Schools in Europe: Challenges and Opportunities for Policies, Evrdika Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.

European Commission (2012): Effects and Impact ofEntrepreneurship Programmes in Higher Education, Directorate-general for Enterprise and Industry/European Commission. Brussels, http://ec.europa.eu/ enterprise/newsroom/cf/_getdocument.cfm?doc_id=742, (Retrived:

07. 2013.)

EACEA/Eurydice, 2012c. Entrepreneurship Education at School in Europe: National Strategies, Curricula and Learning Outcomes. Brussels: EACEA/Eurydice.

European Commission; Cedefop; ICF International (2014): European inventory on validation of non-formal andinformal learning. Brussels;

European Commission (2013b) Entrepreneurship Education: A Guide for Educators http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/files/education/entredumanual-fv_en.pdf (accessed 1 March 2015).

European Commission/EACEA/Eurydice, 2016. Entrepreneurship Education at School in Europe Eurydice Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.

Euridice „ Entrepreneurship Education at School in Europe, National Strategies, Curricula and Learning Outcomes, published by the Education, Audiovisual and Culture Executive Agency, 2012.

Mwasalwiba, E. S. (2010). Entrepreneurship education: a review of its objectives, teaching methods, and impact indicators, Education + Training, Vol. 52 Iss: 1, 20 – 47.

“ECOTEC Report for DG Enterprise and Industry and DG Education and Culture: Towards Greater Cooperation and Coherence in Entrepreneurship Education,” 2010.

E. Commision, Key competences for lifelong learning – a European reference framework, Brussels, 2007.

European Commission/EACEA/Eurydice, 2016. Entrepreneurship Education at School in Europe Eurydice Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.

European Parliament, “Resolution of 8 September 2015 on promoting youth entrepreneurship through education and training.,” European Parliament, Brusseles , 2015, September 8.

Filion L.J. (2000). Empreendedorismo e gerenciamento: processos distintos, porém complementares,” Revista de Administração de Empresas, том 7, бр. 3, 2-7.

Floren, H. (2006): Managerial work in small firms: summarising what we know and sketching a research agenda, International Journal of Entrepreneurial Behaviour & Research, 12(5), 272-288.

Gartner, W. B. & Vesper, K. H. (1994): Executive Forum: Experiments in Entrepreneurship Education: Success and Failures, Journal of Business Venturing, 9(3), 179-187.

Miner, J. (1998). Evidence for the existence of a set of personality types, defined by psychological tests, that predict entrepreneurial success," вo%1 Proceedings of the Eighteenth Annual Entrepreneurship Research Conference, Newton, MA, USA.

Kaiser, R. (2007): Informelles Lernen - informelle Lerner in: Kaiser, A., Kaiser R. & Hohmann R.: Lerntypen - Lernumgebung - Lernerfolg. Bielefeld, 11.

Klatt, L.A. (1988): A study of small business/entrapreneurial education in colleges and univiersities. The Journal of Private Enterprise, 4, 103-108.

Klieme, E. (2004): Was sind Kompetenzen und wie lassen sie sich messen? Auszug aus Padagogik 6S. 10-13.

Kuratko, D. F. (2005): The Emergence of Entrepreneurship Education: Development, Trends, and Challenges. Entrepreneurship Theory and Practice, 29(5), 577-598.

Koen, P.A., & Baron, R.A. (2003). Predictors of resource attainment among corporate entrepreneurs: Executive champion versus team commitment. Paper presented at the Babson-Kaufman Entrepreneurship Research Conference, Babson Park, MA.

Herbert R. F. (1989). In search of the meaning of entrepreneurship," *Small Business Economics,* том 1, бр. 1, pp. 39-49.

Lackeus M. (2015). Entrepreneurship in education What, Why, When, How, OECD, Global Entrepreneurship Monitor 2016, Donna Kelley, Slavica Singer, Mike Herrington,Entrepreneurship Research Association (GERA).

Lewicki, R.J. & Wiethoff, C. (2000). Trust, trust development, and trust repair. San Francisko: Jossey – Bass, 86 - 107.

Lipski, J. (2004). Fur das Leben lernen: Was, wie und wo? Umrisse einer neuen Lernkultur in: Hungerland, B./Overwien, A.: Kompetenzentwicklung im Wandel - Auf dem Weg zu einer informellen Lernkultur? Wiesbaden.

Man, T., Lau, T. & Chan, K.F. (2002). The competitiveness of small and medium enterprises. A conceptualisation with focus on entrepreneurial competences, Journal of Business Venturing, 17(2),.123-142.

Martin, G. & Staines, H. (1994): Management competences in small firms, International Journal of Management Development, 13(7), 23-34.

Murray, G. (1996): A synthesis of six exploratory European case studies of successfully exited, venture capital-financed, new technology- based firms, Entrepreneurship Theory and Practice, 20(4), 41-60.

Bacigalupo, M. (2016). EntreComp: The Entrepreneur-ship Competence Framework,” Publication Office of the European Union; EUR 27939 EN; doi:10.2791/593884, Luxembourg.

McMullen, J.S. & Shepherd, D.A. (2006). Entrepreneurialaction and the role of uncertainty in the theory of the entrepreneur. Academy of Management Review, 31,132-152.

Naudé, W. (2011). Entrepreneurs and economic development,” Unated Nations University, 23 March, [Мрежен]. Available: http://unu.edu/publications/articles/are-entrepreneurial-societies-also-happier.html. [Пристапено на 28 September 2016].

Nijkamp, P. (2003). Entrepreneurship in a modern network economy,” Regional Studies, No 37, 395-405.

Petraki P. E., (2005). Risk perception, risk propensity and entrepreneurial behaviour: the greek case. Journal of American Academy of Business, No 7, 233-242.

Petrevska, B. & Serafimova, M. (2016) Assessing access to finance for tourism development: entrepreneurial approach. International Journal of Information, Business and Management, 8 (1). pp. 35-45. ISSN 2218-046X

Price, R., What is the History of Entrepreneurship?, Global Entrepreneurship Institute, 4 February 2011. [Мрежен]. Available: https://news.gcase.org/2011/02/04/what-is-the-history-ofentrepreneurship/

Recommendation of the European Parliament and of the Council of 18 December 2006 on the key competences for lifelong learning,” Official Journal of the European Union, 2006.

Price R., “What is the History of Entrepreneurship?,” Global Entrepreneurship Institute, 4 February 2011.[Мрежен]. Available: https:/ /news.gcase.org/2011/02/04/what-is-the-history-of-entrepreneurship/ .[Пристапено на 04 October 2016].

Pries, M. (2004): Eine Art Zukunftspadagogik. Zur erziehungswissenschaftlichen Neuorientierung der Freizeitpadagogik im21. Jahrhundertin:DeutscheGesellschaftfurErziehungswissenschaft (Hrsg): magazine Erziehungswissenschaft - volumes 29. pp. 10 http:// dgfe.pleurone. de/zeitschrift/ heft29/beitrag4.pdf

Rauschenbach, T. Leu, H.-R. Lingenauber, S. Mack, W. Schilling, M. Schneider, K. Zuchner, I. (2004): Non-formale und informelle Bildung im Kindes- und Jugendalter.Konzeptionelle Grundlagen fur einen Nationalen Bildungsbericht. DJI Munchen.

Rauschenbach, T. (2007): Im Schatten der formalen Bildung. Alltagsbildung als Schlusselfrage der Zukunft in: Diskurs Kindheits- und Jugendforschung Heft 4-S. 439-453 http://www.dji.de/dasdji/thema/0808/diskurs407_rauschenbach.pdf

Reichenbach, R. (2007). Soft skills: Destruktive Potentiale des Kompetenzdenkens in: Pongartz/Reichenbach/Wimmer (Hrsg.): Bildung - Wissen - Kompetenz. Bielefeld.

Reischmann, J. (2004). Kompetenz lehren? Kompetenz- und Performanz- Orientierung in der Andragogik zwischen Didaktik und Organisationsentwicklung. http://www.unibamberg. de/fileadmin/ andragogik/08/andragogik/aktuelles/Reischmann-Kompetenz.pdf.

Ronstadt, R:The Educated Entrepreneurs:ANew Era of Entrepreneurial Education is Beginning, American Journal of Small Business, 11(4), (1987), 37-53.

Rauch, A., Wiklund, J., Frese, M., & Lumpkin, G.T. (2004). Entrepreneurial orientation and business performance: Cumulative empirical evidence. Paper presented at Babson Kauffman Entrepreneurship Research Conference, Wellesley, MA.

Reynolds, P., Bosma, N., Autio, E., Hunt, S., De Bono, N., Servais, I.,Lopez-Garcia, P., & Chin, N. (2005). Global Entrepreneurship Monitor: Data Collection Design and Implementation 1998-2003. Small Business Economics, 24 (3), 205-31.

Поленаковиќ, Р. и Лазаревска, Т. (2016). Претприемништвото во Македонија 2015-2016, петто истражување: дел од глобалното истражување на претприемништвото - ГЕМ - Скопје," Македонска развојна фондација за претпријатија, Скопје.

Sarason, Y., Dean, T., & Dillard, F. (2006). Entrepreneurship as the nexus of individual and opportunity: A structuration view. Journal of Business Venturing, 21, 286 – 305.

Sarasvathy, S.D. (2004). The questions we ask and the question we care about: Reformulating some problems in entrepreneurship research. Journal of Business Venturing, 19, 707 – 717.

September 2016. [Мрежен]. Available: http://thetotalentrepreneurs.com/impact-of-entrepreneurship-on-economy-of-country/#. [Пристапено на 03 October 2016].

Seth, S. (2015). Why Entrepreneurs Are Important for the Economy," Investopedia, 28 December 2015. [Мрежен]. Available: ttp://www.investopedia.com/articles/personal-finance/101414/why-entrepreneurs-are-important-economy.asp. [Пристапено на 28 September 2016].

Solomon, G. T., Duffy, S, & Tarabishy, A: The State of Entrepreneurship Education in the United States: A Nationwide Survey and Analysis, International Journal of Entrepreneurship Education, 1(1), (2002), 65-86. 120 Iva Biondić, Ivica Katavić, Anita Zelić.

Solomon, G. T., Weaver, K. M., and Fernald, L. W: Pedagogical methods of teaching entrepreneurship: A historical perspective. Simulation and Gaming, 25(3), 338-352.

Schumpeter J.A., "The creative response in economic history," *The journal of economic history,* том 7, бр. 02, pp. 149-159, 1947.

Serafimova,M. & Angelkova,T. (2013). Entrepreneurship as a modern managing intention in a direction of defining quality. In: 3rd Biennial International Scientific Congress, Skopje.

Serafimova, M. & Stojceska Gjorgioska, M. (2013) Strategic aspects of institutional competetiveness of education istituions as function of local government. In: BAS Second International Scientific Conferencie.

Serafimova, M. (2014). Entrepreneurship and Communication Management - Contemporary Entrepreneurial Approaches. 2 Avgust, Stip, Macedonia.

Serafimova, M. & Bardarova, S. (2014) The need of recognition and validation of the organizational entrepreneurship act of the employees in the organizations. In: First International Scientific Conference – Center for legal and political research, 2014, Stip, Republic of Macedonia.

Serafimova, M. & Petrevska, B. (2015) Entrepreneurial advancement of women in tourism: the case of Macedonia. In:

Second international Scientific Conference: Social Schange in the Global World, 3-5 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Stojcheska Gjorgjioska, M. & Gjorgjioska, E. (2015). Entrepreneurial Education" (2015), First International Scientific Conference FAMA COLLEGE.

Serafimova, M., Petrevska, B., Jakovlev, Z., Koteski, C. & Zezova, A. (2016). *Contemporary Challenges of Entrepreneurship and Tourism in the Republic of Macedonia* Project Report. Goce Delcev University, Stip, Macedonia.

Stojceska Gjorgioska, M., Serafimova, M. & Gjorgioska, E. (2017) Comparative strategies accession for entrepreneurial education in the Republic of Macedonia. Knowledge – International Journal, 19.1 (1). 43-50. ISSN 2545-4439.

Stojcheska Gjorgjioska M. & Gjorgjioska, E. (2017). Approaches for Encouraging Entrepreneurship". Sixth symposium – Management and contemporary practices, Business Academy Smilevski ISBN 978-608-4690-15-3, No 334, 722:37.

Stojceska Gjorgioska, M., Serafimova, M. & Gjorgioska, E (2018), Enterpreneurial education as strategy for economic development, Forth international science conference, BAS, UDC: 334.722:338.121.(497.7) 2018/2020.

Stojceska Gjorgioska, M., Serafimova, M. & Gjorgioska, E (2018), Business and Entrepreneurship: The Case in Macedonia, LAP LAMBERT Academic Publishing.

Stojceska Gjorgioska, M., Serafimova, M. & Gjorgioska, E (2018), Enterpreneurship as a business competence – strategies and education, LAP LAMBERT Academic Publishing (ISBN 978-613-9-90750-2).

Stojceska Gjorgioska, M., Serafimova, M. & Gjorgioska, E (2019), ENTREPRENURIAL EDUCATION EFFICIENT APPROACH TO EMPLOYMENT - THE CASE IN MACEDONIA, VI simpozium, BAS, UDC 334.722:37/331.5 (497.7).

Стојческа Ѓорѓиоска, М. & Ѓорѓиоска, Е. (2015), Стекнување на применливи вештини за вработување, четврт симпозиум Бизнис академија Смилевски, УДК: 381.5:377.3, стр 159-168.

Стојческа Ѓорѓиоска, М. & Серафимова, М. (2013). Развивање на претприемачки способности, Втор меѓународен симпозиум,

Бизнс академија Смилевски.

Thompson, J. L. (2004). The facets of the entrepreneur: identifying entrepreneurial potential, Management Decision, No 42, 1/2, 243-258, 2004.

Truell, A.D., Webster, L. & Davidson, C. (1998): Fostering entrepreneurial spirit: integrating the business community into the classroom. Business Education Forum, 55 (2), (1994), 28-29.

Tully, C. (2004). Lernen im Wandel - Auf dem Weg zu einer Lernkultur der Informationsgesellschaft? In: Hungerland/Overwien: Kompetenzentwicklung im Wandel. Wiesbaden.

Wilken P.H. (1979). Entrepreneurship: A comparative and historic study., Norwood, NJ: Ablex Publishing Corporation.

World Economic Forum (2009). Educationg the Next Wave of Entrepreneurs: Unlocking entrepreneurial capabilities to meet the global challenges of the 21st Century," Global Education Initiative, Switzerland.

Wu, S. (1989). Production, entrepreneurship and profits". Cambridge, MA: Basil Blackwell. www.gemconsortium.org.

Zacharakis, A.L. & Mayer, G.D. (1995). The venture capitalis decision: Understanding process versus outcome. In Hornaday and al. Frontiers of entrepreneurship research. Welisley, MA: Babson Center for Entrepreneurial Research, 115 -123.

Лазаревска, Т. и др. (2014). Претприменииштво во Македонија: четврто истражување, Скопје: Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП).

Penaluna, A., Penaluna K. & Mc Kallum. (2016). How to teach enterpreneurschip? 2016, Uniwersity of Wales.

Поленаковиќ, М. (2017). Претприемачкиот екосистем во Република Македонија, Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење – Скопје.

http://www.asme.org/shop/certification-and-accreditation/nuclear-quality-assurance-nqa1-certification

http://www.dundee.ac.uk/academic/apel.htm

http://www.oecd.org/education/skills-beyondschool/recognitionofnon-formalandinformallearning-home.htm

http://libserver.cedefop.europa.eu/vetelib/2014/87250.pdf

ISBN 978-608-4879-24-4